СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕ ... ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Понеделник, 9 март 1987

БЕЛГРАД

БРОЈ 17 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 440 динари. – Аконтација на претплатата за 1987 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

Službeni vesnik ... Makedonije 91001 Skopje fah 51

249.

Врз основа на член 71 став 5 од Законот за општонародната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ВРШЕЊЕ МОБИЛИЗАЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се уредуваат начинот на подготвување и вршење мобилизација во основните организации на здружен труд, месните заедници и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките и другите општествени организации, во општествено-политичките заедници и во нивните органи (во натамошниот текст: организациите, заедниците и органите), како и начинот на проверка на мерките и постапките за преминување од мирновременска кон воена организација и функционирање во војна, во случај на непосредна воена опасност и во други вонредни околности што се од интерес за целата земја.

Организациите, заедниците и органите во своите планови за мобилизација ги утврдуваат мерките, постапките, луѓето и материјалните средства во врска со мобилизацијата на вооружените сили, во согласност со оваа уредба и другите прописи.

Член 2

Мобилизација на организациите, заедниците и органите се подготвува и извршува врз основа на планот за мобилизација што е составен дел на планот за одбрана на тие организации, заеници и органи.

За подготвување и извршување на мобилизација на организацијата, заедницата и органот одговара раководителот односно извршителот на мобилизацијата.

Извршителот на мобилизацијата, во смисла на оваа уредба, е раководител на одбранбените подготовки во организацијата, заедницата и органот, и тоа:

1) во основната и друга организација на здружен труд и во друга самоуправна организација и заедница – работоводниот орган;

2) во месната заедница – претседателот на извршниот орган на собранието на месната заедница;

3) во општествено-политичките и во други општествени организации – лицето што ќе го определи надлежниот орган на таа организација;

4) во органот на општествено-политичката заедница – функционерот кој раководи со тој орган;

5) во општествено-политичката заедница – претседателот на собранието;

6) во цивилната заштита – старешината на штабот и на единицата на цивилна заштита;

7) во службата за набљудување и известување начелникот на центарот за известување во општествено-политичката заедница.

Член 3

Извршителот на мобилизацијата од член 2 став 3 на оваа уредба е непосредно одговорен за планирањето, подготвувањето и извршувањето на мобилизацијата. Извршителот на мобилизацијата особено:

1) ги оценува условите и можностите за подготвување и извршување на мобилизацијата (мобилизациска процена);

2) ги определува силите, задачите, мерките и постапките и донесува одлука за планирање, подготвување и извршување на мобилизацијата;

3) ја предлага мобилизациската локација односно зборното место ако се определува надвор од мирновременското место на работа;

4) учествува во изработката на планот за мобилизација;

5) поставува барање за пополнување со луѓе и материјални средства;

6) го организира соопштувањето и запишувањето на военниот распоред;

7) ги организира и изведува мобилизациските вежби и пробната мобилизација;

8) по приемот на наредбата (сигналот) за извршување на мобилизација ја извршува мобилизацијата според планот за мобилизација.

Член 4

Органите на управата на општествено-политичките заедници се должни да ги насочуваат, координираат и следат подготовките и извршувањето на мобилизацијата на организациите, заедниците и органите во областите за кои се формирани.

Органот на управата надлежен за работи на народната одбрана врши надзор над подготвувањето и извршувањето на мобилизацијата во организациите, заедниците и органите и обезбедува усогласеност на мобилизацијата на подрачјето на општествено-политичката заедница.

Член 5

Координација на подготвувањето и извршувањето на мобилизацијата на организациите, заедниците, органите и вооружените сили врши координационото тело што го формира надлежниот орган на општествено-политичката заедница.

Координационото тело од став 1 на овој член ги усогласува мобилизациските локации односно зборните места и приоритетите при распоредување на работните луѓе и граѓаните и на материјалните средства за потребите од пополнување на вооруженит сили и за другите потреби на општонародната одбрана, сообраќајното обезбедување и други прашања.

Спроведување на заклучоците на координационото тело во врска со заедничките подготовки на мобилизацијата на организациите, заедниците, органите и вооружените сили обезбедуваат органите на управата на општествено-политичките заедници, командите и штабовите на вооружените сили.

II
ПОДГОТОВКИ И ПЛАН ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА

1. Подготовки за мобилизација

Член 6

Подготовките за мобилизацијата опфаќаат:

1) планирање на мобилизацијата;

2) материјално-технички и други подготовки;

3) обука и увежбување за извршување на планираните задачи;

4) контрола на мобилизациските подготовки.

Член 7

Планирањето на мобилизацијата опфаќа процена на условите и можностите за извршување на мобилизацијата, изработка, усогласување и донесување на планот за мобилизација и негово ажурирање.

Член 8

Материјално-техничките и другите подготовки опфаќаат особено обезбедување на средства, опрема, репродукционен материјал, производно-техничка и друга документација потребна за создавање на услови за преминување од мирновременска кон воена организација, услови за засолнување на луѓето, материјалните, финансиските и другите средства и услови за успешно преминување на работа во воени услови.

Во рамките на подготовките од став 1 на овој член се врши и уредување на мобилизациските локации (мирновременското место на работа) и на резервната мобилизациска локација ако во периодот на мобилизација не може да се користи мирновременското место на работа.

Член 9

Обуката и увежбувањето за извршување на мобилизацијата опфаќаат особено обука во врска со приемот и пренесувањето на наредбата (сигналот) за мобилизација и увежбување на постапките утврдени со планот за мобилизација.

Обуката од став 1 на овој член се врши според годишната програма за обучување за општонародна одбрана, што ја донесува надлежниот орган во согласност со планот и програмата за обучување за општонародна одбрана во општествено-политичката заедница.

Со планската обука, а посебно преку мобилизациските вежби, се обезбедува постојано оспособување во раководењето со мобилизацијата и увежбување во преземањето и спроведувањето на мобилизациските активности утврдени со планот за мобилизација.

Член 10

Контрола на мобилизациските подготовки и извршувањето на мобилизацијата опфаќа особено: содржина на планот на мобилизацијата; ажурност, усогласеност и реалност на утврдените решенија; материјално-технички и други подготовки и оспособеност на извршителите на задачите.

Контролата од став 1 на овој член, покрај инспекцијата на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, ја вршат органите на управата на општествено-политичките заедници во рамките на својата надлежност и другите надлежни органи.

2. План за мобилизација

Член 11

Планот за мобилизација го изработуваат организациите, заедниците и органите врз основа на процената на воено-политичките, економските и другите услови.

Планот за мобилизација содржи особено:

1) мобилизациска процена;

2) одлука за начинот на подготовка и извршување на мобилизацијата;

3) организација и начин на прием, пренесување и соопштување на наредбата (сигналот) за мобилизација;

4) организација и начин на повикување на луѓето и давателите на материјални средства;

5) организација на превезувањето на луѓето, материјално-техничките средства и добитокот и регулирање и контрола на сообраќајот;

6) организација на материјалното, здравственото и друго обезбедување;

7) организација на преминувањето од мирновременска кон воена организација и работа во воени услови;

8) потсетник за извршителот на мобилизацијата за работата во извршувањето на мобилизацијата и други потребни документи.

Член 12

Со мобилизациската процена се утврдуваат:

1) можното влијание на агресорот, внатрешниот непријател и силите на специјална војна;

2) условите, можностите и времето на траење на мобилизацијата;

3) условите и можностите за извршување на задачите и обврските во врска со извршувањето на мобилизацијата на вооружените сили;

4) условите и можностите за извршување на мобилизацијата во случај на ненадејна агресија и на привремено заземената територија;

5) други факти и околности битни за изработка на планот и за извршување на мобилизацијата.

Член 13

Одлуката за начинот на подготовка и извршување на мобилизацијата ги содржи задачите што произлегуваат од планот за одбрана на надлежниот орган, организација или заедница, од сопствената процена на условите, потребите и можностите за извршување на мобилизацијата (мобилизациска процена) и од изводот од планот за координација на мобилизациските подготовки.

Со одлуката од став 1 на овој член општествено-политичките заедници ги утврдуваат мобилизациските задачи на организациите, заедниците и органите, а особено: мобилизациските локации, односно мобилизациските зборни места; времето на траење на мобилизацијата; ангажирањето на луѓето и материјалните средства и приоритетот во пополнувањето; организацијата и приоритетите при повикување; организацијата на пренесување, соопштување и објавување на наредбата за мобилизација; материјалното, здравственото и друго обезбедување на мобилизацијата; обезбедувањето на објекти од посебно значење за општонародната одбрана; мерките за безбедност и општествена самозаштита; информативно-пропагандната дејност значајна за мобилизацијата; раководењето со мобилизацијата; постапката со странските државјани кои за време на мобилизацијата ќе се затекнат на територијата на општествено-политичката заедница.

Извод од одлуката од став 2 на овој член им се доставува на организациите, заедниците и органите, кои ги вградуваат во своите планови за мобилизација.

Член 14

Организацијата и начинот за прием, пренесување и соопштување на наредбата (сигналот) за мобилизација од член 11 став 2 алинеја 3 на оваа уредба опфаќаат особено: организација и задачи, мерки и постапки за прием, пренесување и соопштување на наредбата за мобилизација и преглед на организациите, заедниците и органите на кои им се пренесува и соопштува наредбата за мобилизација во согласност со приоритетите што ќе ги утврди надлежниот орган на општествено-политичката заедница.

Член 15

Организацијата и начинот на повикување на луѓето и давателите на материјални средства од член 11 став 2 алинеја 4 на оваа уредба опфаќа особено: организација на единствениот систем на повикување на работните луѓе и граѓаните и на давателите на материјални средства за потребите на организациите, заедниците, органите и вооружените сили, како и потребното материјално-техничко обезбедување на единствениот систем на повикување, што се изработува според утврдените приоритети.

Член 16

Единствениот систем на повикување на работните луѓе и граѓаните и на давателите на материјални средства од член 15 на оваа уредба на подрачјето на општината го организира надлежниот орган за сите организации, заедници и органи и вооружени сили.

Надлежениот орган на општината може да регулира за определени организации, заедници и органи да се разработи посебен систем на пивикување.

Организациите, заедниците и органите се одговорни за реализацијата на повикувањето на работните луѓе и граѓаните и на давателите на материјални средства утврдени со единствениот систем на повикување.

Член 17

Организацијата на превезување на луѓето и на материјално-техничките средства и добитокот и регулирањето

и контролата на сообраќајот од член 11 став 2 алинеја 5 на оваа уредба опфаќа особено: организација и начин на превозување на работните луѓе и граѓаните и на материјалните средства што се мобилизираат во вооружените сили, организациите, заедниците и органите во согласност со утврдените приоритети.

Регулирањето на сообраќајот опфаќа поделба, планирање на користењето на комуникациите и контрола на сообраќајот, што ги утврдува надлежниот орган на управата.

Член 18

Организацијата на материјалното, здравственото и друго обезбедување од член 11 став 2 алинеја 6 на оваа уредба опфаќа особено: планирање на користењето на објектите, средства и опрема со кои располагаат организациите, заедниците и органите и работните луѓе и граѓаните, заради создавање на услови за успешно извршување на мобилизацијата, односно за вршење на услуги и дејности.

Член 19

Организацијата на преминувањето од мирновременска кон воена организација и работа во воени услови од член 11 став 2 алинеја 7 на оваа уредба опфаќа особено: време на извршувањето на мобилизацијата; организација, задачи, мерки и постапки за користење на техничко-технолошката и друга документација, специјалниот и другиот алат, машините и другите средства за работа, изворите на енергија и репродукционен материјал за започнување на планираното воено производство односно за вршење на услуги и дејности.

Член 20

Потсетникот на извршителот на мобилизацијата за работа во извршувањето на мобилизацијата опфаќа особено: задачи, мерки и постапки по приемот на наредбата (сигналот) за извршување на мобилизацијата во согласност со приоритетите утврдени во планот за мобилизација.

Член 21

Планот за мобилизација од член 11 на оваа уредба е единствена целина, а одделни делови се изработуваат во пишувана форма, графички, во вид на работни карти, шеми, табеларни прегледи и слично.

Член 22

Планот за мобилизација на организацијата на здружен труд и на друга самоуправна организација и заедница (освен на месната заедница) содржи: мобилизациска процена; одлука за начинот на подготовка и извршување на мобилизацијата; организација и начин на прием, пренесување и соопштување на наредбата (сигналот) за мобилизација; организација и начин на повикување на луѓето и давателите на материјални средства; организација на материјалното, здравствено и друго обезбедување; организација на преминот од мирновременска кон воена организација и работа во воени услови; потсетник на извршителот на мобилизацијата за работа во извршувањето на мобилизацијата и други потребни документи.

Планот за мобилизација од став 1 на овој член содржи и список на работниците распоредени во вооружените сили и во другите органи, организации и заедници надвор од организацијата на здружен труд.

Член 23

Планот за мобилизација на месната заедница содржи: организација и начин на прием, пренесување и соопштување на наредбата, (сигналот) за мобилизација; организација и начин на повикување на луѓето и давателите на материјални средства; потсетник на извршителот на мобилизацијата за работа во извршувањето на мобилизацијата и други потребни документи.

Планот за мобилизација на месната заедница содржи и извод од планот за мобилизација на општината во кој се разработени задачите и обврските што се пренесуваат на месната заедница ако се утврдени такви задачи.

Член 24

Планот за мобилизација на општината ги содржи задачите од член 11 став 2 на оваа уредба, преглед на основните и резервните мобилизациски зборни места на вооружените сили и преглед на резервните мобилизациски локации на организациите, заедниците и органите на подрачјето на општината.

Член 25

Планот за мобилизација на општествено-политичките заедници (освен на општината) содржи: мобилизациска процена; одлука за начинот на подготовка и извршување на мобилизацијата; организација и начин на прием, пренесување и соопштување на наредбата (сигналот) за мобилизација; организација, регулирање и контрола на сообраќајот; организација на материјалното, здравственото и друго обезбедување; организација на преминување од мирновременска кон воена организација и работа во воени услови на органите и телата на општествено-политичката заедница; потсетник на извршителот на мобилизацијата за работа во извршувањето на мобилизацијата и друга потребни документи, како и преглед на мобилизациските зборни места на командите и штабовите на вооружените сили; преглед на резервните мобилизациски локации на републичките, покраинските односно сојузните органи и организации; мерки за политичка активност за време на извршувањето на мобилизацијата и други мерки и задачи значајни за општествено- политичките заедници во извршувањето на мобилизацијата.

Член 26

Планот за мобилизација на органите на општествено-политичките заедници содржи: организација и начин на повикување на луѓето и давателите на материјални средства; организација на материјалното, здравственото и друго обезбедување; организација на преминувањето од мирновременска кон воена организација и работа во воени услови; потсетник на извршителот на мобилизацијата за работо во извршувањето на мобилизацијата; список на работниците распоредени во вооружените сили и во други организации, заедници и органи надвор од органите на општествено- политичките заедници, како и други потребни документи.

Член 27

Планот за мобилизација на органите на општествено-политичките и другите општествени организации на ниво на општествено-политичките заедници се изработува со сходна примена на одредбите од оваа уредба што се однесуваат на изработка на планот за мобилизација на органите на општествено-политичките заедници.

Општествено-политичките и општествените организации во организациите, заедниците и органите не изработуваат свој план за мобилизација, туку нивните задачи во врска со мобилизацијата се утврдуваат во планот за мобилизација на организацијата, заедницата и органот во чиј состав дејствуваат.

III
ИЗВРШУВАЊЕ НА МОБИЛИЗАЦИЈАТА

Член 28

Мобилизацијата на организациите, заедниците и органите почнува со приемот на наредбата (сигналот) за мобилизација, а завршува со извршувањето на задачите во времето предвидено со планот за мобилизација.

Приемот и пренесувањето на наредбата (сигналот) за мобилизација се врши во согласност со прописот со кој е регулиран начинот на прием и пренесувањето на таа наредба (сигнал).

Член 29

Организациите, заедниците и органите по приемот на наредбата (сигналот) за мобилизација постапуваат во согласност со својот план за мобилизација.

Член 30

Повикувањето на работните луѓе и граѓаните и на давателите на материјални средства распоредени во воо-

ружените сили, во организации, заедници или органи се врши по приоритетите утврдени во планот за мобилизација, со цел мобилизацијата да се одвива плански и организирано.

Член 31

Во текот на мобилизацијата организациите, заедниците и органите обезбедуваат навремено и ефикасно извршување на планираните задачи по приоритетите-утврдени во планот за мобилизација и решавање на проблемите што ќе настанат во текот на мобилизацијата.

Во раководењето со мобилизацијата се користат постојните системи на врски и врските за раководење на општествено-политичките заедници.

Основните и другите организации на здружен труд, месните заедници и другите самоуправни организации и заедници ги известуваат надлежните органи на општествено-политичките заедници за текот на мобилизацијата како и за завршената мобилизацијата и готовноста за вршење на услуги и дејности во војна и во други вонредни околности.

IV.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Мобилизацијата на штабот и на единиците на цивилната заштита на општествено-политичката заедница се врши во согласност со нивните планови за мобилизација.

Во планот за мобилизација на штабот и на единиците од став 1 на овој член се утврдува организацијата и начинот на повикување на лицата распоредени во штабот односно во единиците, моблизациските зборни места и материјално-техничките средства планирани за работа на штабот и единиците.

Активирањето и мобилизацијата на единиците и органите за цивилна заштита, организациите, заедниците и органите се врши според укажаната потреба, на начинот и по постапката утврдени во документот на планот за одбрана што се однесува на употребата на цивилната заштита. Со планот се утврдува и начинот на употреба на опремата и материјално-техничките средства за цивилна заштита.

Член 33

Мобилизацијата на единиците за врска на општествено-политичките заедници, органите за внатрешни работи и службата за набљудување и известување се врши во согласност со нивниот план за мобилизација што се изработува со сходна примена на прописите што се однесуваат на изработката на планот за мобилизација на вооружените сили.

Член 34

Се овластува сојузниот секретар за народна одбрана да донесе упатство за спроведување на оваа уредба.

Член 35

Организациите, заедниците и органите се должни своите прописи и планови за мобилизација да ги усогласат со оваа уредба во рок од една година од денот на влегувањето на оваа уредба во сила.

Член 36

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ.

Е. п. бр. 54
29 јануари 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

250.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 63/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ ЗА ЈАСТИВО РАСТИТЕЛНО МАСЛО

1. Организациите на здружен труд што произведуваат јастиво растително масло од соја, сончоглед и маслодајна репка можат цените на тоа масло да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

	масло од сончоглед	масло од соја и маслодајна репка
1) сурово јастиво масло	536,35 дин/kg	454,40 дин/kg
2) рафинирано јастиво масло:		
– во буриња, најмалку од 50 kg (ринфуза)	639,74 дин/kg	541,99 дин/kg
– во лименки и пластична амблажа од 3 до 25 литри	594,51 дин/l	503,66 дин/l
– во стаклени шишиња од 1 литар	646,21 дин/l	547,47 дин/l
– во пластични шишиња од 1 литар	659,13 дин/l	558,42 дин/l
– во пластични шишиња од 3/4 литра	504,05 дин/3/4 l	427,02 дин/3/4 l

2. Цените на мешаните јастиви масла од соја, сончоглед и маслодајна репка се формираат сразмерно на учеството на одделните видови јастиви растителни масла во тие мешаици, по цените на тие масла од точка 1 на оваа одлука.

3. Цените на маслото од точ. 1 и 2 на оваа одлука при постојните услови на продажбата важат како највисоки продажни цени на производителите франко истоварна станица на купувачот. Во цената на рафинираното јастиво масло во пластични шишиња е засметана вредноста на амбалажата, а во цената на суровото јастиво масло и рафинираното јастиво растително масло во буриња, во стаклени шишиња, во лименки и во пластична амбалажа од 3 до 25 литри не е засметана вредноста на амбалажата. На тие цени се засметува вредноста на амбалажата утврдена со прописите.

4. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на јастиво растително масло како и работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните (во натамошниот текст: имателите на дуќани), можат постојните цени на јастивото растително масло затечено на залихи да ги зголемат, и тоа за:

	масло од сончоглед	масло од соја и маслодајна репка
1) сурово јастиво масло	48,76 дин/kg	41,31 дин/kg
2) рафинирано јастиво масло:		
– во буриња најмалку од 50 kg (ринфуза)	58,16 дин/kg	49,27 дин/kg

	масло од сончоглед	масло од соја и маслодајна репка
– во лименки и во пластична амбалажа од 3 до 25 литри	54,05 дин/l	45,79 дин/l
– во стаклени шишиња од 1 литар	58,75 дин/l	49,77 дин/l
– во пластични шишиња од 1 литар	59,92 дин/l	50,77 дин/l
– во пластични шишиња од 3/4 литар	45,82 дин/3/4 l	38,82 дин/3/4 l

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на јаствено растително масло и имателите на дуќани, можат во прометот на големо односно на мало за јаствено масло што е затечено на залихи да ги зголемат цените така што на набавната цена ќе ги засметаат износите од став 1 на оваа точка.

5. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на јаствено растително масло и имателите на дуќани ќе ги попишат сите количества на залихите на јаствено масло од точка 1 на оваа одлука и на мешани масла од соја, маслодајна репка и сончоглед од точка 2 на оваа одлука затечени на ден 10 март 1987 година, како и сите количества на тие масла што до тој ден на организациите и на имателите на дуќани им ги фактурирале производителите односно добавувачите (стоки на пат).

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на јаствено растително масло и имателите на дуќани ќе ја пресметаат и евидентираат во своето книговодство или во друга евиденција, во согласност со прописите, разликата во цената од точка 4 став 1 на оваа одлука за сите попишани количества. Таа разлика може да се користи во согласност со прописите.

Имателите на дуќани ќе му ги пријават попишаните количества масло од точка 1 на оваа одлука и мешани масла од точка 2 на оваа одлука на надлежниот орган на општината на чија територија ја вршат дејноста.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на формирање на цените на растително масло за јадење („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/86).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 56
5 март 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

251.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА ШЕЌЕРОТ

1. Организациите на здружен труд што произведуваат шеќер можат цените на шеќерот да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа:

дин/kg

1) шеќер во кристал, пакување од 50 kg — — — — 295,00
2) шеќер во кристал, пакуван на индустриски начин, од 1 kg и 2 kg — — — — — — — — — — — — 309,70
3) шеќер во коцки:
пакуван во тврда амбалажа, нето 1 kg 389,35
во други пакувања, нето 1 kg 365,75

2. Цените на шеќерот од точка 1 на оваа одлука важат како највисоки продажни цени на производителите, франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот, или франко натоварено во фабриката; вклучувајќи ги и трошоците за пакувањето и амбалажата.

3. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на шеќер и работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните кои се занимаваат со промет (во натамошниот текст: имателите на дуќани) можат постојните цени на шеќерот затечени на залихи да ги зголемат, и тоа за:

дин/kg

1) шеќер во кристал, пакување од 50 kg — — — — 44,00
2) шеќер во кристал, пакуван на индустриски начин, од 1 kg и 2 kg — — — — — — — — — — — — 46,13
3) шеќер во коцки:
– пакуван во тврда амбалажа, нето 1 kg — — — 58,00
– во други пакувања, нето 1 kg — — — — — — — 54,49

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на шеќер и имателите на дуќани можат во прометот на големо односно на мало цените на шеќерот затечен на залихи да ги зголемат така што на набавната цена ќе ги засметаат износите од став 1 на оваа точка.

4. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на шеќер и имателите на дуќани ќе ги попишат сите количества на залихите на шеќер од точка 1 на оваа одлука затечени на ден 10 март 1987 година и сите количини на тој пеќер што до тој ден на организациите на здружен труд што се заимаваат со промет на шеќер и на имателите на дуќани им ги фактурирале производителите односно добавувачите (стоки на пат).

Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на шеќер и имателите на дуќани ќе ја пресметаат и евидентираат во своето книговодство или во друга евиденција, во согласност со прописите, разликата во цената од точка 3 на оваа одлука за сите попишани количества шеќер. Таа разлика може да се користи во согласност со прописите.

Имателите на дуќани ќе му ги пријават попишаните количества на шеќер од точка 1 на оваа одлука на надлежниот орган на општината на чија територија ја вршат дејноста.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот за формирање на цените на шеќерот („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/86).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 57
5 март 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

252.

Врз основа на член 185 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), а во врска со чл. 208 и 209 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЧЛ. 208 И 209 ОД ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУШНАТА ПЛОВИДБА

1. Работите од делокругот на Сојузниот хидрометеоролошки завод кои се однесуваат на: метеоролошки набљудувања на аеродромските метеоролошки станици, изработка на анализи и прогнози на времето за потребите на воздушната пловидба, доставување на метеоролошки информации и предупредувања и издавање на информации

за метеоролошките појави значајни за вршење на воздушната пловидба и планирање, проектирање, набавување, поставување и одржување на техничките средства, опремата, уредите и објектите за метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба на аеродромите, ги презема Сојузната управа за контрола на летањето со состојбата на 31 декември 1986 година.

2. Со преземањето на работите од точка 1 на оваа одлука Сојузната управа за контрола на летањето истовремено ги презема и работниците што работеле на тие работи.

Директорот на Сојузната управа за контрола на летањето и директорот на Сојузниот хидрометеоролошки завод ќе утврдат согласно кои работници се преземаат во смисла на став 1 од оваа точка.

Во случај на спор меѓу директорите од став 2 на оваа точка, одлука донесува Сојузниот извршен совет.

3. До донесувањето на нов самоуправен општ акт за распределба на средствата за лични доходи на работниците во Сојузната управа за контрола на летањето, со кој ќе бидат утврдени основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи на работниците што ќе бидат преземени, привремено ќе се исплатува аконтација на личниот доход во износите утврдени со соодветните акти на Сојузниот хидрометеоролошки завод.

4. Средствата за работа, средствата на фондовите, опремата, инвентарот и документацијата, со кои, досега, располагаше Сојузниот хидрометеорошки завод во вршењето на работите од точка 1 на оваа одлука, ќе ги преземе Сојузната управа за контрола на летањето, со состојбата на 31 декември 1986 година.

5. Сојузниот хидрометеоролошки завод ќе ги заклучи своите архивски книги во делот кој се однесува на работите од точка 1 на оваа одлука, со состојбата на 31 декември 1986 година, и ќе ѝ ги предаде на Сојузната управа за контрола на летањето.

6. Работниците од точка 2 став 1 на оваа одлука што ќе бидат преземени во Сојузната управа за конрола на летањето, а не ќе бидат распоредени, ги имаат правата и должностите утврдени со сојузниот закон.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 53
29 јануари 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

253.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/85 и 7/86) во член 3 став 4 се брише.

По досегашниот став, 5, кој останува став 4, се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контно 009 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основите средства во употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите од член 33 на Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86)-(во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрение на контото 290 – Реваловризациони приходи.

На крајот на годината, за резултатот на реваловризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата од оваа група конта, со одобрение на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрение на контата од групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, за резултатот на реваловризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 290."

Досегашните ст. 6 и 7 стануваат ст. 7 и 8.

Член 2

Во член 4 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите од член 33 на Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрение на контото 290.

На крајот на годината, за резултатот на реваловризацијата средствата се задолжуваат со контата од оваа група конта, со одобрение на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 290".

Досегашните ст. 8 и 9 стануваат ст. 10 и 11.

Член 3

Во член 5 став 1 зборовите: „контото 901 – Деловен фонд – дел за други потреби" се заменуваат со зборовите: „контото 900 – Деловни фонд."

Член 4

Во член 10 по став 12 се додава нов став 13, кој гласи:

„За резултатот на реваловризацијата на набавната вреднсот на станбени згради и станови на крајот на годината се задолжуваат контата на кои се искажува таа вредност, со одобрение на контото 079 за резултатот на реваловризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи во корист на контото 970 – Фонд за заедничка потрошувачка – дел за потребите на домување."

Член 5

Во членн 11 по став 12 се додаваат три нови става, кои гласат:

„Во рамките на контата 085, 086, и 087, на посебно аналитичко конто се искажва привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на средствата за заедничка потрошувачка, во согласност со одредбите на член 39 став 1 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тие посебни аналитички конта се задолжуваат со одобрение на посебно аналитичко конто во рамките на контото 290.

На крајот на годината, за резултатот на реваловризацијата на набавната вредност на средствата што се користат за вршење на дејности за потребите на општествениот стандард, се задолжуваат контата на кои се искажува таа вредност, со одобрение на посебни аналитички конта на кои е искажана привремено пресметаната реваловризација во текот на годината за состојбата на тие конта и одобрение на контото 089, а разликата се книжи на посебно аналитичко конто во рамките на контото 290.

За резултатот на реваловризацијата на набавната вредност на средствата што не се користат за вршење на дејности за потребите на општествениот стандард се задолжуваат контата на кои се искажува таа вредност со одобрение на контото 089 за резултатот на реваловризација на исправката на вредноста, а разликата се книжи во корист на контото 980 – Фонд за заедничка потрошувачка – дел за други потреби.

Член 6

Во член 12 став 11 бројот: „38" се заменува се бројот: „54", а броевите: „41/80, 25/81, 66/81, 28/83 и 20/84" се заменуваат со бројот: „72/86".

Во став 12 бројот: „38" се заменува со бројот: „54".

По став 16 се додаваат два нови става кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во

текот на годината на трајно неупотребливи основни средства и запрени инвестиции, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрение на контото 290.

На крајот на годината, за резултатот на реваоризацијата на трајно неупотребливи основни средства и запрени инвестиции се задолжуваат контата 090 и 092, со одобрение на контото 099 за состојбата на тоа конто и одобрение на контото 091 за резултатот на реваоризацијата на исправката на вреднсота на трајно неуптребливи основни средства, а разликата се книжи на контото 290."

Член 7

Во член 13 ст. 5 до 7 се менуваат и гласат:

„На контото 102 – Девизна сметка, се искажуваат девизите што се држат на девизна сметка кај домашна и кај странска банка.

На контото 102 девизите се водат за секоја странска валута, а динарската противвредност се утврдува согласно со одредбите на сојузниот закон со кој се уредува девизното работење.

За пресметаната позитивна курсна разлика при пресметувањето на динарската противвреднсот на средниот курс на странската валута се задолжува ова конто, со одобрение контото 788 – Други приходи".

Во став 10 на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и побарувањата во девизи на интерната сметка кај носителот на работата, во согласност со член 113 став 2 од Законот за вкупниот приход."

Во став 12 по зборовите: „заедничкиот приход", се додаваат зборовите: „односно девизниот прилив по други основи", а зборовите: „и кредитните односи со странство" се бришат.

Член 8

Во член 14 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„За пресметаната позитивна курсна разлика при пресметувањето на вредноста на хартии од вредност што гласат на странски валути во динарска противвредност на средниот курс важечки на крајот на месецот односно тримесечјето, се задолжуваат контата од оваа група на кои се искажани овие вредности, а се одобрува контото 293. По извршената наплата на тие хартии се задолжува контото 193, а се одобрува контото 788."

Член 9

Во член 15 став 4 зборовите: „Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и за утврдување и распоредување на приходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/84) во натомошниот текст: Законот за вкупниот приход" се заменуваат со зборовите: „Законот за вкупниот приход".

По став 12 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Контата од групата 12 се задолжуваат и за износот на позитивните курсни разлики што се пресметуваат при пресметувањето на девизите на средниот курс што важи на крајот на месецот односно тримесечјето, со одобрение на контото 237 за курсните разлики книжени на контата 123 и 128 и со одобрение на контото 293 за курсните разлики книжени на контото 122 и за курсните разлики книжени на контата 127 и 129.

Во моментот на наплатата на побарувањата што на контата од групата 12 се искажани во девизи, позитивната курсна разлика што се однесува на тие побарувања се книжи врз товар на контото 293, а во корист на контото 788 и врз товар на контото 195 а во корист на соодветното конто во групата конта 76 и 77."

Член 10

Во член 16 став 6 зборовите: „Побарувања по основ на платени даноци од доходот, на контото 134 – Побарувања по основ на платени придонеси од доходот и на контото 135 – Побарувања по основ на платени други обврски од доходот, се заменуваат со зборовите: „Побарувања по основ на платени обврски од доходот".

Во став 7 зборовите: „контата 133, 134 и 135" се заменуваат со зборовите: „контото 133".

По став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 134 – Побарувања по основ на пресметани камати, се искажуваат побарувањата по основ на пресметана камата по дадени кредити и други пласмани и по други основи. Контото 134 се задолжува со одобрение на контото 295 – Пресметани приходи. Организацијата на здружен труд може да одлучи пресметаната камата по основ на побарувањата што се искажуваат на контата од групата конта 12 да се искажува на тие конта.

На контото 135 – Побарувања по основ на реваоризациони приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на реваоризациониот дел од каматата на дадени динарски кредити, други динарски побарувања. Контото 135 се задолжува во корист на контото 290."

Досегашните ст. 8 до 10 стануваат ст. 10 до 12.

По став 12 се додава нов став 13, кој гласи:

„Контата од групата 13 се задолжуваат и за износот на позитивните крусни разлики што се преметуваат при пресметувањето на девизите на средниот курс важечки на крајот на месецот односно тримесечјето, со одобрение на контото 137 и контото 293 за курсните разлики книжени на другите конта од групата 13."

Член 11

Во член 17 став 6 бројот: „38" се заменува со бројот: „53", а бројот: „43" – со бројот: „58".

Во став 7 бројот: „39" се заменува со бројот: „54", а бројот: „44" – со бројот: „59".

Член 12

Во член 20 се додава нов став 2, кој гласи:

„Контата од оваа група се задолжуваат и за износот на позитивните курсни разлики што се пресметуваат при пресметувањето на девизите на средниот курс што важи на крајот на месецот односно тримесечјето, со одобрение на контото 290 за курсните разлики книжени на контата 171, 172 и 173 и контото 293 за курсните разлики книжени на другите конта од оваа група конта."

Член 13

Во член 21 став 2 по зборовите: „пресметани по основ на залихи" се додаваат запирка и зборовите: „по основ на задржани износи на име кауција за квалитетно и навремено извршување на определени работи".

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„На контото 188 – Реваоризација на разграниченот дел од доходот по основ на залихи, се искажува износот на реваоризацијата на разграниченот дел од доходот што по основ на недовршено производство на производи и услуги, полупроизводи, делови од сопствено производство и готови производи е искажан на контата 180 и 181. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) а во корист на контата 180 и 181."

Член 14

Во член 22 став 2 се заменува со два нови става, кои гласат:

„На контото 190 – Реваоризациони расходи, се искажуваат, на аналитички конта, расходите по основ на: пресметана камата на динарски обврски до стапката на растежот на цените на производителите на индустриски произиводи; реваоризација на динарските обврски ако е предвидено со договорот односно со самоуправната спогодба; намалување на продажните цени на стоките на залихи во согласност со прописите за цените; негативни курсни разлики, реваоризациони расходи по други основи и пренос во деловниот фонд. Контото 190 се задолжува во корист на: контото 235 за пресметани камати на динарски обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се реваоризираат; контата на кои се искажуваат обврските во девизи по кои се пресметани негативни курсни разлики односно контото 293 за надоместени временски разграничени курсни разлики и контото 901 – Деловен фонд формиран по основ на реваоризација, за износот на вишокот на реваоризационите приходи односно на реваоризацијата на трајните извори на деловни средства, што се внесуваат во деловниот фонд.

Во рамките на контото 190, на аналитички конта, се искажуваат и реваоризационите расходи по основ на средства за заедничка потрашувачка, како и преносот во фондот за заедничка потрошувачка.".

Досегашниот став 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„На контото 191 - Трошоци на работењето, се искажуваат однапред платените материјални трошоци и други трошоци на работењето кои во моментот на плаќањето немаат карактер на трошоци, како што се: трошоци за инвестиционо одржување, закупнина, огрев, издатоци за реклама, пропаганда, освојување на ново производство и др.".

Догешаниот став 4 станува став 5.

Во досегашниот став 5, кој станува став 6, бројот: „111" се заменува со бројот: „128", а зборовите: „а на посебно аналитичко конто - износот на негативните курсни разлики што е разграничен во согласност со член 47 од Законот за амортизација на општествените средства" се бришат.

Досегашниот став 6 се брише.

Став 14 се менува и гласи:

„На котото 197 - Утврдени приходи по основ на дополнителни трошоци и други издатоци, се искажува приходот по основ на разграничени приходи во делот кој се однесува на дополнителните трошоци и други издатоци во гарантен рок."

Во став 15 зборовите: „Законот за вкупниот приход" се заменуваат со зборовите: „Законот за утврдување и распоредување на вкупниот приход и на доходот и за утврдување и распоредување на приходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/84, 39/85, 70/85, 34/86 и 43/86)."

Член 15

Во член 23 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 205 организацијата на здружен труд носител на работата при изведување на инвестициони работи во странство ги искажува обврските спрема другите учесници во работата по интерната сметка ако според прописите на странската земја девизна сметка може да има само носителот на работата".

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 4 и 5.

Член 16

Во член 26 по став 3 се додава нов став 4. кој гласи:

„На контото 235 - Обврски по основ на реваловризациони раходи, се искажуваат обврските по основ на камата на динарските обврски до стапката на растежот на цените на производителите на индустриски производи."

Досегашните ст. 4 до 8 стануваат ст. 5 до 9.

Член 17

Во член 27 став 7 бројот: „39" се заменува со бројот: „54", а бројот: „44" со бројот: „59".

Член 18

Во член 32 став 1 по зборовите: „материјалните трошоци" се додаваат зборовите: „како и другите трошоци на работењето".

Став 2 се заменува со два нови става, кои гласат:

„На контото 290 - Ревалоризациони приходи, се искажуваат на посебни аналитички конта: ревалоризацијата на основните средства и материјалните права и ревалоризацијата на залихите на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа; ревалоризацијата на производството и на залихите на готови производи; ревалоризацијата на стоките; ревалоризацијата на аморитизацијата; пресметаните приходи по основ на ревалоризациониот дел од каматата на динарските побарувања; ревалоризацијата на динарските побарувања; позитивните курсни разлики по кредити и пласмани, надоместениот вишок на ревалоризациони расходи и ревалоризацијата на трајните извори на деловни средства, врз товар на другите трошоци на работењето. Контото 290 се одобрува со задолжување на: контото од групата 00, 01 и 09 за ревалоризација на основните средства и материјалните права; контата 318, 358 и 368 за ревалоризација на залихите на суровини и материјал, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа; контото 409 за ревалоризација на потрошените залихи на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа; контото 438 за ревалоризација на амортизацијата; контата 608 и 638 за ревалоризација на залихите на производство и готови производи; контото 480 за ревалоризација на реализирани готови производи и извршени услуги; контата од групата 66 за ревалоризација на стоки; контото 135 за пресметани приходи по основ на дел од каматата на динарските побарувања од стапката на растежот на цените на индустриските производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се ревалоризирани; контата на кои се искажуваат побарувањата по кредити и други пласмани во странски валути по кои се пресметани позитивни курсни разлики; контото 481 за износот на ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризациони приходи и контото 482 за ревалоризација на трајните извори на деловни средства што не се надоместени од вишокот на ревалоризациони приходи.

Во рамките на контото 290 на посебни аналитички конта се искажуваат ревалоризационите приходи по основ на средства за заедничка потрошувачка.".

Досегашниот став 3, кој станува став 4, се менува и гласи:

„На контото 291 - Пресметани трошоци на работењето, се искажуваат пресметаните материјални трошоци и другите трошоци на работењето што во моментот на пресметувањето имаат карактер на фактички трошоци."

Досегашниот став 4 станува став 5.

Досегашниот став 5, кој станува став 6, се менува и гласи:

„На контото 293 - Пресметани курсни разлики, се искажуваат временски разграничените негативни курсни разлики што се надоместени во текуштата година во согласност со член 128 од Законот за вкупниот приход".

Досегашните ст. 6 до 10 стануваат ст. 7 до 11.

Досегашниот став 11, кој станува став 12, се менува и гласи:

„На контото 297 - Разграничени приходи по основ на дополнителни трошоци и други издатоци, се искажува разграниченот дел од приходите во проценет износ кој се однесуса на дополнителните трошоци и други издатоци, во согласност со член 9 ст. 8 и 9 од Законот за вкупниот приход. Одобрение на ова конто се врши со задолжување на соодветното конто во групата конта 76 односно 77 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна).

Досегашните ст. 12 до 16 стануваат ст. 13 до 17.

Член 19

Во член 34 став 2 се менува и гласи:

„На контото 318 - Ревалоризација на залихите на суровини и материјални, се искажува износот на ревалоризацијата на залихите на суровини, материјали и резервни делови кој се однесува на состојбата на тие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 318".

Член 20

Во член 35 став 3 се менува и гласи:

„На контото 358 - Ревалоризација на ситен инвентар и амбалажа на залихи, се искажува износот на ревалоризацијата на ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа на залихи, кој се однесува на состојбата на тие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 358".

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар, авто-гумите и амбалажата на залихи да ги ревалоризара на начин како и основните средства, на контото 358 се искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината резултатот на ревалоризацијата на тие средства се книжи врз товар на контата 350, 351 и 352 во корист на контото 358, за состојбата на тоа конто, а разликата на контото 390."

Досегашниот став 4 станува став 5.

Член 21

Во член 36 став 2 се менува и гласи:

„На контото 368 - Ревалоризација на ситен инвентар и амбалажа во употреба, се искажува износот на ревалоризацијата на ситниот инвентар, авто-гумите, и амбалажата во употреба кој се однесува на состојбата на тие залихи на

крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) а во корист на контото 368."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар, авто-гумите и амбалажата во употреба да ги ревалоризира на начин како основни средства на контото 368, се искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината за резултатот на ревалоризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата 360, 362 и 365 со одобрение на контото 368 за состојбата на тоа конто и одобрение на контата 361, 363 и 366 за резултатот на ревалоризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 290."

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 22

Во член 37 по став 10 се додава нов став 11, кој гласи:

„На контото 409 – Ревалоризација на потрошените залихи на суровини, материјал, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа, се искажува износот на ревалоризацијата кој се однесува на употребените залихи на суровини, материјал, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290."

Член 23

Во член 39 броевите: „82, 83 и 84" се заменуваат со броевите: „101, 102 и 106".

Член 24

Во член 40 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 431 се искажува и амортизацијата пресметана за средствата на трудот што во целост се амортизирани.

На контото 438 – Ревалоризација на пресметаната амортизација, се искажува ревалоризацијата на амортизацијата што се врши во согласност со член 34 од Законот за вкупниот приход. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290".

Член 25

Во член 43 став 1 по бројот: „46" запирката се заменува со точка а текстот до крајот на ставот се брише.

Став 7 се менува и гласи:

„На контото 478 – Други издатоци што ќе се јават повремено, а кои се непосреден услов за работа и производство, во посебното книговодство што се води за претпријатието односно за единицата во странство во странска валута се искажуваат и негативните курсни разлики."

Член 26

По член 43 се додава нов член 43а, кој гласи:

„Член 43а

На контата од групата 48 – Трошоци за ревалоризација, се искажуваат трошоците за ревалоризација на реализирани производи и извршени услуги, износите на ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризациони приходи и трошоците за ревалоризација на трајни извори на деловни средства, според називите на одделни конта од оваа група. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрение на контото 290.

Контото 480 – Ревалоризација на реализирани производи и извршени услуги, се задолжува и за ревалоризацијата на разграниченото дел од доходот по основ на залихи во соодветен дел кој се однесува на реализираните производи и извршените услуги."

Член 27

Во член 44 ст. 1, 3 и 6 зборовите: „46 и 47" се заменуваат со зборовите: „46, 47 и 48".

Во став 4 бројот: „47" се заменува со бројот: „48".

Член 28

Во член 46 став 2 се менува и гласи:

„На контото 608 – Ревалоризација на недовршени производи и услуги, полупроизводи и делови, се искажува износот на ревалоризацијата на залихите на недовршени производи и услуги, полупроизводи и делови, кој се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 608".

Член 29

Во член 47 став 5 бројот: „32" се заменува со бројот: „48".

Став 8 се менува и гласи:

„На контото 638 – Ревалоризација на залихите на готови производи, се искажува износот на ревалоризацијата на залихите на готови производи кој се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 638".

Член 30

Во член 50 став 5 бројот: „31" се заменува со бројот: „37", бројот: „900" – со бројот: „290", а на крајот се додава нова реченица која гласи: „Ако, во согласност со прописите за цените, се намали продажната цена на стоките на залиха, износот на намалувањето се книжи врз товар на контото 190 а во корист на соодветните конта од групата 66".

Член 31

Во член 55 став 5 бројот: „728" се заменува со бројот: „727".

По став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На контото 728 – Ревалоризација на продадени залихи на материјали и отпадоци, се искажува износот на ревалоризацијата кој се однесува на продадениот материјал и отпадоци. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто а во корист на контото 290."

Член 32

Во член 58 став 4 зборовите: „ст. 2 и 3" се заменуваат со зборовите: „ст. 2 до 4".

Член 33

Во член 60 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 788 – Други приходи, во посебното книговодство што се води за претпријатието односно за единицата во странска валута, се искажуваат и позитивните курсни разлики по основ на кредити и други пласмани."

Член 34

Во член 63 став 2 зборовите: „контото 901 – Деловен фонд – дел за други потреби" се заменуваат со зборовите: „контото 900 – Деловен фонд".

Член 35

Во член 64 став 3 бројот: „57" се заменува со бројот: „73".

Член 36

Во член 65 зборовите: „133 и 134" се заменуваат со бројот: „133".

Член 37

Во член 66 став 1 бројот: „135" се заменува со бројот: „133".

Ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„На контото 847 – Камати, се искажуваат каматите што се однесуваат на пресметковниот период, освен каматите што се сметаат како ревалоризационен расход.

На контото 847 се искажуваат и затезните камати по исти основи."

Член 38

Во член 70 став 2 зборовите: „и контото 234" се бришат, а бројот: „235" се заменува со бројот: „233".

Во став 3 зборовите: „се задолжуваат контата 133, 134 и 135" се заменуваат со зборовите: „се задолжува контото 133".

Член 39

Во член 75 став 6 зборовите: „контото 901 - Деловен фонд - дел за други потреби" се заменуваат со зборовите: „контото 900 - Деловен фонд".

Член 40

Во член 77 став 4 точ. 6 и 7 бројот: „38" се заменува со бројот: „54".

Во став 11 зборовите: „контото 901 - Деловен фонд - дел за други потреби" се заменуваат со зборовите: „контото 900 - Деловен фонд."

Член 41

Во член 78 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„На контото 900 - Деловен фонд, се искажува состојбата на деловниот фонд, освен делот што се формира по основ на реваловризација. Во корист на контото 900, а врз товар на контото 032 односно 033 се книжи делот од заедничкиот доход што пред неговото уплатување на жиро-сметките на основачите на банката е насочен во фондовите на банката, во согласност со член 17 став 3 од Законот за основите на банкарскиот и кредитниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/85, 9/86, 34/86 и 72/86), во делот кој се однесува на организацијата на здружен труд.

На контото 901 - Деловен фонд формиран по основ на реваловризација, се искажува делот од деловниот фонд што се формира по основ на реваловризација на средствата, од остатокот на реваловризационите приходи и по основ на реваловризација на трајните извори на деловни средства, во согласност со чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.

Во став 6 во точ. 2 и 3 бројот: „38" се заменува со бројот: „54", а во точка 3 бројот: „2" се заменува со бројот: „4".

Член 42

Во член 83 бројот: „901" се заменува со бројот: „900".

Член 43

Во член 87 бројот: „108" се заменува со бројот: „126".

Член 44

Во член 88 став 1 бројот: „109" се заменува со бројот: „127".

Став 2 се брише.

Член 45

Организациите на здружен труд, во деловните книги за 1987 година:

1) ќе ја книжат врз товар на контото 193, а во корист на контото 290, состојбата на контото 293 која се однесува на кредити и други пласмани;

2) ќе ја искажат на контото 788 состојбата на контото 297;

3) ќе ја искажат на контото 901 само состојбата на деловниот фонд што во 1985 и 1986 година е формиран по основ на реваловризација на залихите на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и амбалажа односно по основ на реваловризација на стоки.

Член 46

Организациите на здружен труд ќе го книжат покритието на загубата, во согласност со одредбите од член 130 ст. 1, 3 и 4 на Законот за вкупниот приход, врз товар на контото 190, а во корист на контото 899.

Член 47

Организациите на здружен труд ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите на овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 48

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1940/1
17 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

254.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ДРУГИТЕ КОРИСНИЦИ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за другите корисници на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/81 и 11/85) во член 3 по став 5 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 - Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, - во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрение на контото 297 - Реваловриациони приходи.

На крајот од годината, за резултатот од реваловризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрение на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрение на контата од групата конта 02 - Исправка на вредностите на основните средства за резултатот од реваловризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а резликата се книжи на контото 297.".

Досегашнио став 6 станува став 8.

Член 2

Во член 4 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 - Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрение на контото 297.

На крајот од годината за резултатот на реваловризацијата на средствата во подготовка се задолжуваат контата на оваа група конта со одобрение на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашните ст. 8 и 9 стануваат ст. 10 и 11.

Член 3

Во член 10 по став 6 се додава став 7, кој гласи:

„За резултатот од реваловризацијата на набавната вредност на станбените згради и становите на крајот од годината се задолжуваат контата на кои се искажува таа вредност, со одобрение на контото 089 за резултатот од реваловризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи во корист на контото 980 - Фонд за станови,".

Досегашните ст. 7, 8, 9 и 10 стануваат ст. 8, 9, 10 и 11.

По досегашниот став 11, кој станува став 12, се додаваат три нови става, кои гласат:

Во рамките на контата 086, 087 и 088 на посебно аналитичко конто се иксажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на средствата за заед-

ничка потрошувачка во согласност со одредбите на член 39 став 1 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тие посебни аналитички конта се задолжуваат со одобрение на посебно аналитичко конто во рамките на котното 297.

На крајот од годината, за резултатот од реваловризацијата на набавната вредност на средствата што се користат за вршење на дејности за потребите на општествениот стандард, се задолжуваат контата на кои се иксажува таа вредност, со одобрение на посебни аналитички конта на кои е искажана привремено пресметаната реваловризација во текот на годината за состојбата на тие конта и одобрение на контата 089, а разликата се книжи на посебно аналитичко конто во рамките на контото 297.

За резултатот од реваловризацијата на набавната вредност на средствата што не се користат за вршење на дејност за потребите на општествениот стандард, се задолжуваат контата на кои се искажува таа вредност, со одобрение на контото 089 за резултатот од реваловризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи во корист на контото 981–Фонд за другите средства за заедничка потрошувачка.".

Досегашниот став 12 станува став 16.

Член 4

Во член 11 по став 7 се додаваат два става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции, во согласност со одредбата на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрение на контото 297.

На крајот од годината, за резултатот од реваловризацијата на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции се задолжуваат контата 090 и 092 со одобрение на контото 099 за состојбата на тоа конто и одобрение на контото 091 за резултатот од реваловризацијата на исправката на вредностите на трајно неупотребливите основни средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 5

Во член 16 по став 2 се додава став 3, кој гласи:

„На контото 141 – Побарувања по основ на реваловризационите приходи, се искажуваат побарувањата по основ на реваловризациониот дел од каматата на дадените динарски кредити и другите динарски побарувања. Контото 141 се задолжува во корист на контото 297.".

Член 6

Во член 19 по став 5 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 197 – Реваловризациони расходи, се искажуваат расходите по основ на: пресметаната камата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; реваловризацијата на динарските обврски ако е предвидено со договор односно со самоуправна спогодба; реваловризационите расходи по други основи и преноси во деловниот фонд. Контото 197 се задолжува во корист на: контото 231 за пресметаните камати на динарските обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се реваловризираат; контото 899 за износот на покритието на непокриените расходи што ќе се извршат во согласност со одредбите на член 130 став 1 од Законот за вкупниот приход и соодветните аналитички конта во рамките на групата конта 90, за износот на вишокот на реваловризационите приходи, односно на реваловризацијата на трајните извори на деловни средства што се внесуваат во деловниот фонд.

Во рамките на контото 197 на посебните аналитички конта се искажуваат реваловризационите расходи по основ на средствата за заедничка потрошувачка како и преносот во фондот на заедничката потрошувачка".

Досегашниот став 6 станува став 8.

Член 7

Во член 23 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На контото 231 – Обврски по основ на реваловризационите расходи се искажуваат обврските по основ на каматата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.".

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 8

Во член 27 по став 4 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 297 – Реваловризациони приходи, се искажува на посебни аналитички конта: реваловризација на основните средства, реваловризација на материјалите и ситниот инвентар; реваловризација на амортизацијата; пресметани приходи по основ на реваловризациониот дел од каматата на динарските побарувања; реваловризација на динарските побарувања; надоместениот вишок на реваловризационите расходи и реваловризацијата на трајните извори на деловни средства, врз товар на другите трошоци за работење. Контото 297 се одобрува со задолжение на: контата на групата 00,01 и 09 за реваловризација на основните средства; контата 318, 358 и 368 за реваловризација на залихите на материја и ситен инвентар; контото 406 за реваловризација на амортизацијата; контото 408 за реваловризација на потрошениот материја и ситниот инвентар; контото 124 за пресметаните приходи по основ на дел од каматата на динарските побарувања до стапката на растежот на цените на индустриски производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се реваловризирани; контото 418 за износот на реваловризационите расходи што не се надоместени со реваловризациони приходи и за реваловризација на трајните извори на деловни средства што не е надоместена од вишокот на реваловризационите приходи.

Во рамките на контото 297 на посебни аналитички конта се искажуваат реваловризационите приходи по основ на средствата на заедничка потрошувачка.".

Досегашните ст. 5, 6 и 7 стануваат ст. 7, 8 и 9.

Член 9

Во член 28 по став 3 се додава став 4, кој гласи:

„На контото 318 – Реваловризација на материјалот на залиха, се искажува износот на реваловризацијата на залихите на материјал што се однесува на состојбата на овие разлики на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297, а налувањето врз товар на контото 297 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) а во корист на контото 318.".

Член 10

Во член 29 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 358 – Реваловризација на ситниот инвентар на залиха се искажува износот на реваловризацијата на залихите на ситниот инвентар на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на тоа конто, а во корист на контото 297, а намалувањето – врз товар на контото 297 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) а во корист на контото 358.

Ако корисникот на општествени средства се одлучи ситниот инвентар на залиха да го реваловризира на ист начин како и основните средства, на контото 358 ја искажува привремената пресметка на реваловризацијата на тие средства. На крајот од годината резултатот од реваловризацијата на тие средства го книжи врз товар на контото 350, а во корист на контото 358, за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 2 станува став 4.

Член 11

Во член 30 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 368 – Реваловризација на ситниот инвентар во употреба, се искажува изнсот на реваловризацијата на ситниот инвентар во употреба, кој се однесува на сос-

тојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297, а намалувањето врз товар на контото 297 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) во корист на контото 368.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар во употреба да го ревалоризира на начин како и основните средства, на контото 368 ја искажува привременат пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот од годината, за резултатот од ревалоризацијата на набавната вредност го задолжува контото 360 со одобрение на контото 368 за состојбата на тоа конто и одобрение на контото 361, за резултатот од ревалоризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 2 станува став 4.

Член 12

Во член 31 по став 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Во рамките на контото 406 се искажува и амортизацијата пресметана за основните средства што се амортизирани во целост, како и ревалоризацијата на пресметаната амортизација, што се врши во согласност со одредбите на член 34 од Законот за вкупниот приход. Ревалоризацијата на пресметаната амортизација се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297.".

Досегашниот став 9 станува став 10.

По став 10 се додава нов став 11. кој гласи:

„Во рамките на контото 408 се искажува и износот на ревалоризацијата кој се однесува на употребениот материјал и ситниот инвентар. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто а во корист на контото 297.".

Член 13

Во член 32 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Во рамките на контото 418 се искажуваат и трошоците за ревалоризацијата на трајните извори на деловни средства и износите на ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризациони приходи. Ревалоризацијата по тој основ се книжи врз товар на ова конто, а ко корист на контото 297.".

Член 14

Во член 48 се додава нов став 2, кој гласи:

„На соодветните аналитички конта во рамките на контото 900, се искажува дел од фондот формиран по основ на ревалоризација на средствата од остатокот на ревалоризационите приходи и по основ на ревалоризацијата на трајните извори на деловни средства, во согласност со одредбите на чл 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.".

Член 15

Другите корисници на општествени средства ќе го книжат покритието на непокриените расходи во согласност со член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход врз товар на кконтото 197, а во корист на контото 899.

Член 16

Другите корисници на општествени средства ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите на овој правилник, најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Број: 1-1946/1
18 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

255.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА, ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ДОСТАВУВААТ КОН ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/85 и 46/86) во член 9 ставот 3 се брише.

Член 2

Во член 10 зборовите: „ред. бр. 141 до 148" се заменуваат со зборовите: „ред. бр. 142 до 149".

Член 3

Во член 11 бројот: „133" се заменува со бројот: „134", а бројот: „134" со бројот: „135".

Се додава став 2, кој гласи:

„Под редниот број 156 на образецот од став 1 на овој член се внесува и износот на ревалоризационите приходи од аналитичкото конто во рамките на контото 980 на кое се искажува преносот на ревалоризацијата за објектите на општествениот стандард што се користат за вршење на дејности за потребите на општествениот стандард.".

Член 4

Во член 12 став 2 точ. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„1) под редниот број 1 - состојбата на контото што се однесува на земјоделското земјиште;

2) под ред. бр. 2 и 4 - износот од долговната страна на контото, без почетната состојба, со тоа што во износот под реден број 2 се вклучува и износот под реден број 4.";

Во точка 3 зборовите: „ред. бр. 5, 6, 19 и 21" се заменуваат со зборовите: „ред. бр. 3, 5, 6. 19 и 21".

По точка 10 се додава нова точка 11, која гласи:

„под редниот број 63 - износот од побарувачката страна на контото кој се однесува на делот од чистиот доход за заедничка потрошувачка за други потреби, наменет за објектите и опремата на општествениот стандард на работниците".

Досегашната точка 11 станува точка 12.

Член 5

Во член 13 точката 1 се брише.

Досегашната точка 1а станува точка 1.

Точ. 12 и 13 се бришат.

Во точка 14, која станува точка 12, бројот: „54" се заменува со бројот: „51", а бројот: „55" со бројот: „52".

Во точка 15, која станува точка 13, бројот: „58" се заменува со бројот: „55".

Во точка 16, која станува точка 14, зборовите: „ред. бр. 59 до 63" се заменуваат со зборовите: „ред. бр. 56 до 62".

Досегашната точка 17 станува точка 15.

По точка 15 се додава точка 16, која гласи:

„16) под ред. бр. 64а до 64е - износите на извршените вложувања во периодот за кој се поднесува периодичната пресметка односно завршната сметка, што се книжени на соодветни аналитички конта во рамките на контото 412 - Трошоци за текушти потреби на научноистражувачката работа".

Член 6

Членот 13а се брише.

Член 7

Членот 14 се менува и гласи:

„Состојбата на користените деловни средства се утврдува со собирање на:

– основните средства во употребата од контата на групата 00, сметајќи од моментот на втасувањето на обврската за пресметување на амортизацијата, освен: шумите и основните средства кои според член 7 од Законот за амортизацијата на општествените средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 – во натамошниот текст: Законот за амортизацијата) се изземени од обврската за пресметување на амортизацијата и основните средства за кои привремено се запира пресметувањето на амортизацијата, во согласност со одредбите на член 14 став 2 од Законот за амортизацијата, за време додека на тие средства трае запирањето на амортизацијата, по намалувањето на износот на исправката на вредноста на основните средства од контата на групата 02 и пресметаната амортизација во текот на пресметковниот период;

– шумите од контото 001, во вредност утврдена во согласност со одредбите на член 38 од Законот за амортизацијата;

– побарувањата за здружени и вложени средства од контата на групата 03, освен побарувањата по основ на прибавување или изградба на основни средства;

– побарувањата по другите долгорочни пласмани од контата на групата 04, освен побарувањата искажани на контото 044, за износот на одложената наплата на побарувањата искажани на контото 045 за одобрени долгорочни кредити на странски лица, како и на побарувањата искажани на контата 046, 047 и 048 за заеми и други пласмани во хартии од вредност;

– паричните средства од контата на групата 10, освен средствата од контото 108 примени во вид на аванси и акредитиви за набавка на репродукционен материјал, производи, односно стоки од увоз и сл. за сметка на друг корисник на општествени средства;

– разликата во меѓукредитниот однос меѓу хартиите од вредност (инструменти за плаќање) од контата на групата 11 и обврските по инструментите за плаќање од контата на групата 21, ако е поголема состојабата на контата на групата 11 од состојбата на контата на групата 21;

– разликата во меѓукредитниот однос меѓу обврските спрема добавувачите од контата на групата 22 и побарувањата по основ на продажбата од контата на групата 12;

– разликата во меѓукредитниот однос помеѓу другите обврски од деловни односи од контата на групата 23 и другите побарувања од деловни односи од контата на групата 13;

– разликата во меѓукредитниот однос помеѓу обврските од заеднички приход и заеднички доход на контата на групата 24, освен на контото 240, и побарувањата од заеднички приход и заеднички доход од контата на групата 14, освен на контото 140;

– побарувањата по краткорочните пласмани од контата на групата 15;

– разликата во меѓукредитниот однос меѓу обврските во рамките на работната организација од контата на групата 26 и побарувањата во рамките на работната организација од контата на групата 16;

– разликата во меѓукредитниот однос помеѓу обврските спрема претпријатијата и работните односно деловните единици во странство од контата на групата 27 и побарувањата од претпријатијата и работните, односно деловните единици во странство од контата на групата 17;

– суровините и материјалите од контата на групата 31;

– ситниот инвентар и амбалажата на залихи од контата на групата 35;

– ситниот инвентар и амбалажата во употреба од контата на групата 36;

– производството од контата на групата 60;

– готовите производи од контата на групата 63 и

– стоките од контата на групата 66.

Разликите во меѓукредитните односи помеѓу обврските и побарувањата од алинеите 7 до 9, 11 и 12 од став 1 на овој член се вклучуваат во состојбите на користените средства само во случаите кога состојбите на ненамирените обврски се поголеми од состојбите на ненаплатените побарувања".

Член 8

Членот 15 се менува и гласи:

„Просечно користените деловни средства во пресметковниот период се утврдуваат така што ќе се собераат износите на состојбите на деловните средства од став 1 на член 14 од овој правилник на почетокот на годината на ден 1 јануари (почетна состојба) и на крајот на секој месец во текот на пресметковниот период и ќе се поделат со бројот на земените состојби.

Просечно користените основни средства се утврдуваат така што ќе се соберат износите на состојбите од алинеите 1 и 2 на став 1 од член 14 на овој правилник на ден 1 јануари (почетна состојба) и на крајот на секој месец во текот на пресметковниот период и ќе се поделат со бројот на земените состојби".

Член 9

При составувањето на периодичните пресметки и завршната сметка за 1987 година, организациите на здружен труд, во колона 4 на образецот Биланс на состојбата, на образецот Деловен резултат во текот на годината, Биланс на успехот и на образецот Посебни податоци од деловниот резултат во текот на годината – Биланс на успехот, ги внесуваат податоците приспособени кон податоците од колона 5 на тие обрасци што се сотавени за истиот период 1986 година.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Број: 1-2419/1-87
26 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с.р.

256.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за заедниците на осигурувањето („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/77, 60/81 и 11/85) во член 3 по став 8 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 – во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297 – Ревалоризациони приходи.

На крајот на годината, за резултатот од ревалоризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата од оваа група конта, со одобрување на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрување на контата на групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, за резултатот од ревалоризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 9 станува став 11.

Член 2

Во член 4 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се

искажува привремено пресметаната реваloризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината за резултатот од реваloризацијата на средствата се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрување на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 8 станува став 10.

Член 3

Во член 11 по став 10 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана реваloризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба се искажува привремено пресметаната реваloризација во текот на годината на трајно неупотребливите основни средства и запрени инвестиции во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината за резултатот од реваloризацијата на трајно неупотребливите основни средства и запрени инвестиции се задолжуваат контото 090 и 092, со одобрување на контото 099 за состојбата на тоа конто и одобрувањето на контото 091 за резултатот од реваloризацијата на исправката на вредноста на трајно неупотребливите основни средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 4

Во член 16 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 147 – Побарувања по основ на реваloризирани приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на реваloризираниот дел од каматата на дадени динарски кредити и на други динарски побарувања. Контото 147 се задолжува во корист на контото 297.".

Член 5

Во член 21 по став 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„На контото 197 – Реваloризациони расходи, се искажуваат на аналитичките конта расходите по основ на: пресметаната камата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; реваloризацијата на динарските обврски ако е предвидено со договор односно со самоуправна спогодба; негативните курсни разлики, реваloризационите расходи по други основи и преносот во деловниот фонд. Контото 197 се задолжува во корист на: контото 247 за пресметаните камати на динарските обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се реваloризираат; контата на кои се искажуваат обврските во девизи по кои се пресметани негативни курсни разлики односно контото 293 за надоместените временски разграничени курсни разлики; контото 899 за износот на покритието на непокриените расходи што ќе се изврши во согласност со одредбите на член 30 став 1 од Законот за вкупниот приход и соодветните аналитички конта во рамките на контото 900, за износот на вишокот на реваloризационите приходи односно реваloризацијата на трајните извори на деловни средства што се внесуваат во деловниот фонд.".

Досегашниот став 8 станува став 9.

Член 6

Во член 26 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 247 – Обврски по основ на реваloризационите расходи, се искажуваат обврските по основ на каматата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.".

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 7

Во член 31 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На контото 297 – Реваloризациони приходи, се искажува на посебни аналитички конта: реваloризацијата на основните средства и на материјалните права; реваloризацијата на залихите на ситен инвентар; реваloризацијата на амортизацијата; пресметаните приходи по основ на реваloризационият дел од каматата на динарските побарувања; реваloризацијата на динарските побарувања; позитивните курсни разлики по кредити и пласмани; надоместениот вишок на реваloризационите расходи и реваloризацијата на трајните извори на деловните средства, врз товар на други трошоци на работењето. Контото 297 се одобрува со задолжување на: контата од групата 00,01 и 09 за реваloризацијата на основните средства и на материјалните права; 358 и 368 за реваloризацијата на залихите на ситен инвентар; контото 446 за реваloризацијата на амортизацијата; контото 448 за реваloризацијата на потрошен инвентар; контото 147 за пресметаните приходи по основ на дел од каматата на динарските побарувања до стапката на растежот на цените на индустриските производи, контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се реваloризирани; контата на кои се искажуваат побарувањата по кредити и други пласмани во странски валути по кои се пресметани позитивните курсни разлики; контото 458 за износот на реваloризационите расходи што не се надоместени со реваloризациони приходи и за реваloризацијата на трајните извори на деловните средства што не се надоместени од вишокот на реваloризационите приходи.".

Досегашните ст. 6, 7, 8 и 9 стануваат ст. 7, 8, 9 и 10.

Член 8

Во член 33 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 358 – Реваloризација на ситен инвентар на залиха се искажува износот на реваloризацијата на ситен инвентар на залиха што се однесува на состојбата на тие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на тоа конто во корист на контото 297, а намалувањето врз товар на контото 297 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), во корист на контото 358.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар на залиха да го реваloризира на начинот како и основните средства, на контото 358 се искажува привремената пресметка на реваloризацијата на тие средства. На крајот на годината резултатот од реваloризацијата на тие средства се книжи врз товар на контото 350, во корист на контото 358, за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 9

Во член 34 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 368 – Реваloризација на ситен инвентар во употреба, се искажува износот на реваloризацијата на ситниот инвентар во употреба кој се однесува на состојбата на тие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на тој износ се книжи врз товар на тоа конто, во корист на контото 297, а намалувањето врз товар на контото 297 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна), во корист на контото 368.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар во употреба да го реваloризира на начинот како основните средства, на контото 368 се искажува привремената пресметка на реваloризацијата на тие средства. На крајот на годината за резултатот од реваloризацијата на набавната вредност го задолжува контото 360 со одобрување на контото 368, за состојбата на тоа конто и одобрување на контото 361, за резултатот од реваloризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 10

Во член 39 по став 10 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 446 се искажува и амортизацијата пресметана за основните средства што се во целост амортизирани, како и реваloризацијата на пресметаната амортизација што се врши во согласност со одредбите на член 34 од Законот за вкупниот приход. Реваloризацијата на пресметаната амортизација се книжи врз товар на тоа конто, а во корист на контото 297.

Во рамките на кнтото 448 се искажува и износот на реваloризацијата што се однесува на употребен ситен инвентар. Реваloризацијата по тој основ се книжи врз товар на тоа конто, а во корист на контото 297.".

Член 11

Во член 40 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во рамките на контото 458, се искажуваат и трошоците на ревалоризацијата што не се надоместени со ревалоризационите приходи како и трошоците на ревалоризацијата на трајните извори на деловни средства. Ревалоризацијата по тој основ се книжи врз товар на тоа конто, а во корист на контото 297.".

Член 12

Во член 56 се додава нов став 2, кој гласи:

„На соодветните аналитички конта во рамките на контото 900, се искажува и дел од фондот што се формира по основ на ревалоризација на средствата, од остатокот на ревалоризационите приходи и по основ на ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства, во согласност со одредбите на чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.".

Член 13

Заедницата за осигурување ќе го книжи покритието на непокриените расходи во согласност со член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход, врз товар на контото 197 а во корист на контото 899.

Член 14

Заедницата за осигурување ќе го усогласи водењето на книговодството со одредбите на овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1944/1
18 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

257.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за органите на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/77 и 11/85) во член 3 по став 5 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 – во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297 – Ревалоризациони приходи.

На крајот од годината, за резултатот од ревалоризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрување на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрување на контата на групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, за резултатот од ревалоризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 297."

Досегашниот став 6 станува став 8.

Член 2

Во член 4 по став 6 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297."

На крајот од годината, за резултатот од ревалоризацијата на средствата во подготовка се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрување на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.

Досегашните ст. 7 и 8 стануваат ст. 9 и 10.

Член 3

Во член 10 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на трајно неупотребливи основни средства и запрени инвестиции, во смисла на одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот од годината за резултатот од ревалоризација на трајно неупотребливи основни средства и запрени инвестиции се здаложуваат контата 090 и 092 со одобрување на контото 099 за состојбата на тоа конто и одобрување на контото 091 за резултатот од ревалоризацијата на исправката на вредноста на трајно неупотребливи основни средства, а разликата се книжи на контото 297."

Член 4

Во член 13 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 124 – Побарувања по основ на ревалоризационите приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на ревалоризационот дел на каматата на дадените динарски кредити и други динарски побарувања. Контото 124 се задолжува во корист на контото 297."

Досегашниот став 3 станува став 4

Член 5

Во член 17 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 197 – Ревалоризациони расходи, се искажуваат на аналитичките конта расходите по основ на: пресметаната камата на динарската обврска до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; ревалоризацијата на динарските обврски ако е предвидено со договор, односно со самоуправна спогодба; ревалоризационите расходи по други основи и преносот во деловниот фонд. Контото 197 се задолжува во корист на: контото 234 за пресметаните камати на динарските обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се ревалоризираат; контото 899 за износот на покритието на непокриените расходи што ќе се изврши во согласност со член 130 став 1 од Законот за вкупниот приход и соодветните аналитички конта во рамките на групата конта 90 за износот на вишокот на ревалоризационите приходи, односно ревалоризацијата на трајните извори на деловни средства што се внесуваат во овие фондови."

Досегашните ст. 3, 4, 5 и 6 стануваат ст. 4, 5, 6 и 7.

Член 6

Во член 21 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На контото 234 – Обврски по основ на ревалоризационите расходи, се искажуваат обврските по основ на каматата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 3 и 4.

Член 7

Во член 25 по став 2 се додава став 3, кој гласи:

„На контото 297 – Ревалоризациони приходи, се искажува на посебни аналитички конта: ревалоризација на основните средства; ревалоризација на материјалите и

ситниот инвентар; ревалоризација на амортизацијата; пресметани приходи по основ на ревалоризационот дел на каматата на динарски побарувања; ревалоризација на динарските побарувања; надоместен вишок на ревалоризацините расходи и ревалоризација на трајните извори на деловни средства, врз товар на другите трошоци на работењето. Контото 297 се одобрува со задолжување на: контата на групата 00,01 и 09 за ревалоризација на основните средства; контата 318, 358 и 368 за ревалоризација на залихите на материјали и ситен инвентар; контото 406 за ревалоризација на амортизацијата; контото 408 за ревалоризација на потрошениот материјал и ситен инвентар; контото 124 за пресметани приходи по основ на делот на каматата на динарските побарувања до стапката на растежот на цените на индустриските производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се ревалоризирани; контото 418 за износот за ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризациони приходи и за ревалоризација на трајните извори на деловни средства што не се надоместени од вишокот на ревалоризационите приходи."

Досегашните ст. 3, 4, 5 и 6 стануваат ст. 4, 5, 6 и 7.

Член 8

Во член 26 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На контото 318 – Ревалоризација на материјалите на залихи, се искажува износот на ревалоризацијата на залихите на материјали кој се однесува на состојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297, а намалувањето – врз товар на контото 297 (по методот на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 318."

Член 9

Во член 27 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 358 – Ревалоризација на ситниот инвентар на залихи, се искажува износот на ревалоризацијата на залихите на ситен инвентар, кој се однесува на состојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто, во корист на контото 297, а намалувањето – врз товар на контото 297 (по методот на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 358.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар на залихи да го ревалоризира на начинот како и основните средства, на контото 358 ја искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината резултатот од ревалоризацијата на тие средства го книжи врз товар на контото 350, во корист на контото 358 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297."

Член 10

Во член 28 по став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 368 – Ревалоризација на ситниот инвентар во употреба, се искажува износот на ревалоризацијата на ситниот инвентар во употреба, кој се однесува на состојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто, во корист на контото 297, а намалувањето – врз товар на контото 297 (по методот на црвено сторно на побарувачката страна), во корист на контото 368.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар во употреба да го ревалоризира на начинот како основните средства, на контото 368 ја искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината за резултатот од ревалоризација на набавната вредност го задолжува контото 360 со одобрување на контото 368, за состојбата на тоа конто и одобрување на контото 361, за резултатот од ревалоризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 297."

Член 11

Во член 29 по став 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„Во рамките на контото 406 се искажува и амортизацијата пресметана за основните средства што во целина се амортизирани, како и ревалоризацијата на пресметаната амортизација, што се врши во согласност со член 34 на Законот за вкупниот приход. Ревалоризацијата на пресметаната амортизација се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297."

Досегашниот став 9 станува став 10

По став 10 се додава нов став 11. кој гласи:

„Во рамките на контото 408 се искажува и износот на ревалоризацијата, кој се однесува на употребниот материјал и ситен материјал. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297."

Член 12

Во член 30 по став 4 се додава став 5, кој гласи:

„Во рамките на контото 418 се искажуваат и трошоците на ревалоризација на трајните извори на деловни средства и износите на ревалоризационите расходи што не се надомсетени со ревалоризациони приходи. Ревалоризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 297."

Член 13

Во член 44 по став 1 се додава став 2, кој гласи:

„На соодвените аналитички конта во рамките на контата на оваа група се искажува дел од фондот формиран по основ на ревалоризација на средствата, од остатокот на ревалоризационите приходи, и по основ на ревалоризација на трајните извори на деловни средства, во согласност со одредбите на чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход."

Член 14

Органите на општествено-политичката заедница ќе го книжат покритието на непокриените расходи, во согласност со член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход, врз товар на контото 197, а во корист на контото 899.

Член 15

Органите на општествено-политичките заедници ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите на овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Број: 1-1945/1
18 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

258.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/77, 43/78 и 11/85) во член 3 по став 8 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86) – (во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297 – Ревалоризациони приходи.

На крајот на годината за резултатот на ревалоризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата од

оваа група конта, со одобрување на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрување на контата од групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, за резултатот на ревалоризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 9 станува став 11.

Член 2

Во член 4 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината, за резултатот на ревалоризацијата на средствата се задолжуваат контата од оваа група конта, со одобрување на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 8. станува став 9.

Член 3

Во член 6 по став 6 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 039 – Ревалоризација на ситен инвентар на залиха и во употреба, се искажува износот на ревалоризацијата на ситниот инвентар на залиха и во употреба што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи на товар на тоа конто, во корист на контото 297, а намалувањето – на товар на контото 297 (со методот на црвено сторно на побарувачката страна), а во корист на контото 039.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар на залиха и во употреба да го ревалоризира на ист начин како основните средства, на контото 039 ја искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината, за резултатот на ревалоризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата 031 и 032, со одобрување на контото 039, за состојбата на тоа конто и со одобрување на контото 033, за резултато на ревалоризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 4

Во член 11 по став 5 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана ревалоризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната ревалоризација во текот на годината на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината, за резултатот на ревалоризацијата на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции се задолжуваат контата 090 и 092, со одобрување на контото 099 за состојбата на тоа конто и со одобрување на контото 091 за резултатот на ревалоризацијата на исправката на вредноста на трајно неупотребливите основни средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 5

Во член 15 по став 4 се додава став 5, кој гласи:

„За пресметаната позитивна курсна разлика при пресметувањето на вредноста на хартиите од вредност, што гласат на странски валути, во динарска противвредност на средниот курс важечки на крајот на месецот односно тримесечјето, се задолжуваат контата од оваа група на кои се искажани тие вредности, а се одобрува контото 291. По извршената наплата на овие хартии се задолжува контото 191, а се одобрува контото 688.".

Член 6

Во член 17 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На контото 159 – Побарувања по основ на ревалоризациони приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на ревалоризациониот дел на каматата на дадените динарски кредити и други динарски побарувања. Контото 159 се задолжуваво корист на контото 297.".

Член 7

Во членот 20 по став 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„На контото 197 – Ревалоризациони расходи, на аналитичките конта се искажуваат расходите по основ на: пресметаните камати на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; ревалоризацијата на динарските обврски ако е предвидена со договор односно со самоуправна спогодба; негативните курсни разлики, ревалоризационите расходи по други основи и преносот во фондови.

Контото 197 се задолжува во корист на: контото 259 за пресметаните камати на динарските обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се ревалоризираат; контата на кои се искажуваат обврските во девизи по кои се пресметани негативни курсни разлики, односно контото 291 за надоместените временски разграничени курсни разлики; контото 699 за износот на покритието на загубата што ќе се изврши во согласност со одредбите на член 130 став 1 од Законот за вкупниот приход и соодветните аналитички конта во рамките на групата конта 90, за износот на вишокот на ревалоризационите приходи односно ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства што се внесуваат во овие фондови.".

Досегашниот став 8 станува став 9.

Член 8

Во член 25 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„На контото 259 – Обврски по основ на ревалоризациони расходи, се искажуваат обврските по основ на каматата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.".

Член 9

Во член 28 по став 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„На контото 297 – Ревалоризациони приходи, на посебни аналитички конта се искажува: ревалоризацијата на основните средства и на материјалните права; ревалоризацијата на залихите на ситен инвентар; ревалоризацијата на амортизацијата; пресметаните приходи по основ на ревалоризациониот дел на каматата на динарските побарувања; ревалоризацијата на динарските побарувања; позитивните курсни разлики по кредити и пласмани, надоместениот вишок на ревалоризационите расходи и ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства, на товар на другите трошоци на работењето. Контото 297 се одобрува со задолжување на: контата од групата 00,01 и 09 за ревалоризација на основните средства и на материјалните права; контото 039 за ревалоризација на залихите на ситен инвентар; контото 615 за ревалоризација на амортизацијата; контото 618 за ревалоризација на потрошениот инвентар; контото 159 за пресметаните приходи по основ на делот на каматата на динарските побарувања до стапката на растежот на цените на индустриските производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се равалоризирани; контата на кои се искажуваат побарувањата по кредити и други пласмани во странски валути по кои се пресметани позитивните курсни разлики; контото 628 за износот на ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризациони приходи и за ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства што не е надоместена од вишокот на ревалоризационите проходи.".

Досегашните ст. 8 и 9 стануваат ст. 9 и 10.

Член 10

Во член 59 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 615 се искажува и амортизацијата пресметана за основните средства што се амортизирани во целост, како и ревалоризацијата на пресметаната амортизација што се врши во согласност со одредбите на член 34 од Законот за вкупниот приход. Ревалоризацијата на пресметаната амортизација се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 297.

Во рамките на контото 615 се искажува и износот на ревалоризацијата што се однесува на употребениот ситен инвентар. Ревалоризацијата по тој основ се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 297.".

Член 11

Во член 60 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во рамките на контото 628 се искажуваат и трошоците за реваловризација што не се надоместени со реваловризациони приходи, како и трошоците за реваловризација на трајните извори на деловните средства. Реваловризацијата по тој основ се книжи на товар на тоа конто, а во корист на контото 297.

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 4 и 5.

Член 12

Во член 87 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На соодветни аналитички конта во рамките на контата од оваа група се искажува делот од фондот што се формира по основ на реваловризација на средствата, од остатокот на реваловризационите приходи и по основ на реваловризацијата на трајните извори на деловните средства, во согласност со одредбите на чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.".

Член 13

Банката или друга финансиска организација ќе го книжи покритието на загуба во согласност со одредбите на член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход на товар на контото 197, а во корист на контото 699.

Член 14

Банките и други финансиски организации ќе го усогласат водењето на книговодството со одредбите од овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1941/1
18 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Риковиќ, с.р.

259.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за организациите на општествено-политичките заедници за стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/78 и 11/85) во член 3 по став 8 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86) (во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрување на контото 297 – Реваловризациони приходи.

На крајот на годината, за резултатот на реваловризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата од оваа група конта, со одобрување на контото 009 за состојбата на тоа конто и со одобрување на контата од групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, за резултатот на реваловризацијата на исправката на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 9 станува став 11.

Член 2

Во член 4 по став 7 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на чле 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината, за резултатот на реваловризацијата на средствата се задолжуваат контата од оваа група конта, со одобрување на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 8 станува став 10.

Член 3

Во член 11 по став 7 се додаваат два става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината ова конто се задолжува со одобрување на контото 297.

На крајот на годината за резултатот на реваловризацијата на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции се задолжуваат контата 090 и 092, со одобрување на контото 099 за состојбата на тоа конто и со одобрувње на контото 091 за резултатот на реваловризацијата на исправката на вредноста на трајно неупотребливите основни средства, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 4

Во член 15 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„На контото 137 – Побарувања по основ на реваловризациони приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на реваловризациониот дел на каматата на дадените динарски кредити, и други динарски побарувања. Контото 137 се задолжува во корист на контото 297.".

Досегашните ст. 4, 5 и 6 стануваат ст. 5, 6 и 7.

Член 5

Во член 18 по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На контото 197 – Реваловризациони расходи, на аналитичките конта се искажуваат расходите по основ на: пресметаните камати на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; реваловризацијата на динарските обврски ако е предвидена со договор односно самоуправна спогодба; реваловризационите расходи по други основи и преносот во деловниот фонд. Контото 197 се задолжува во корист на: контото 237 за пресметаните камати на динарските обврски; контата на кои се искажуваат динарските обврски што се реваловризираат; контото 899 за износот на покритието на непокриените расходи што ќе се изврши во согласност со одредбите на член 130 став 1 од Законот за вкупниот приод и соодветните аналитички конта во рамките на групата конта 90, за износот на вишокот на реваловризациони приходи односно реваловризацијата на трајните извори на деловните средства што се внесуваат во овие фондови.".

Досегашниот став 6 станува став 7.

Член 6

Во член 22 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На контото 237 – Обврски по основ на реваловризациони расходи, се искажуваат обврските по основ на каматите на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.".

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 7

Во член 26 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„На контото 297 – Реваловризациони приходи, на посебни аналитички конта се искажува: реваловризацијата на основните средства и на материјалните права; реваловри-

зацијата на залихите на материјал, ситен инвентар и амбалажа; ревалоризацијата на амортизацијата; пресметаните приходи по основ на ревалоризациониот дел на каматата на динарските побарувања; ревалоризацијата на динарските побарувања; надоместениот вишок на ревалоризационите расходи и ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства, на товар на другите трошоци на работењето. Контото 297 се одобрува со задолжување на: контата од групата 00,01 и 09 за ревалоризација на основните средства и на материјалните права; контата 318, 358 и 368 за ревалоризација на залихите на материјал, ситен инвентар и амбалажа; контата 420, 421, 422 и 423 за ревалоризација на амортизацијата; контото 418 за ревалоризација на потрошениот материјал, инвентар и амбалажа; контото 137 за пресметаните приходи по основ на делот на каматата на динарските побарувања до стапката на растежот на цените на индустриските производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се ревалоризирани, контото 448 за износот на ревалоризационите расходи што не се надоместени со ревалоризационите приходи и за ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства што не е надоместена од вишокот на ревалоризационите приходи.".

Досегашните ст. 5 и 6 стануваат ст. 6 и 7.

Член 8

Во член 27 се додава нов став 2, кој гласи:

„На контото 318 – Ревалоризација на материјал на залиха, се искажува износот на ревалорзацијата на залихите на материјал, што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи на товар на ова конто, во корист на контото 297, а намалувањето на товар на контото 297 (со методот на црвено сторно на побарувачката страна), во корист на контото 318.".

Член 9

Во член 28 по став 2 се додаваат четири нови става, кои гласат:

„На контото 351 – Амбалажа на залиха, се води вредноста на амбалажата.

За износот на амбалажата што се става во употреба се задолжува контото 365 – Амбалажа во употреба, во корист на контото 351 – Амбалажа на залиха.

На контото 358 – Ревалоризација на ситен инвентар и на амбалажа на залиха, се искажува износот на ревалоризацијата на ситниот инвентар и на амбалажата на залиха што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи на товар на ова конто, во корист на контото 297, а намалувањето – на товар на контото 297 (со методот на црвено сторно на побарувачката страна) во корист на контото 358.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар и амбалажата на залиха да ги ревалоризира на начин како и основните средства, на контото 358 ја искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината, резултатот на ревалоризацијата на тие средства се книжи на товар на контата 350 и 351 во корист на контото 358 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 297.".

Досегашниот став 3 се брише.

Член 10

Член 29 се менува и гласи:

„На контата од групата конта 36 – Ситен инвентар и амбалажа во употреба, се води вредноста на ситниот инвентар и на амбалажата во употреба и исправката на вредноста на ситниот инвентар и на амбалажата во употреба, според називите на одделни конта од оваа група.

За износот на извршената исправка на вредноста на ситниот инвентар и на амбалажата во употреба се задолжува контото 415 – Отпис на ситен инвентар и на амбалажа во корист на контото 361 – Исправка на вредноста на ситниот инвентар во употреба и на контото 366 – Исправка на вредноста на амбалажата во употреба.

На контото 368 – Ревалоризација на ситен инвентар и на амбалажа во употреба, се искажува износот на ревалоризацијата на ситниот инвентар и на амбалажата во употреба што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот на пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи на товар на ова конто, во корист на контото 297, а намалувањето – на товар на контото 297 (со методот на црвено сторно на побарувачката страна) во корист на контото 368.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар и амбалажата во употреба да ги ревалоризира на начин како и основните средства, на контото 368 ја искажува привремената пресметка на ревалоризацијата на тие средства. На крајот на годината, за резултатот на ревалоризацијата на набавната вредност ги задолжува контата 360 и 365 со одобрување на контото 368 за состојбата на тоа конто и со одобрување на контата 361 и 366 за резултатот на ревалоризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 297.".

Член 11

Во член 31 по став 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„На контото 418 се искажува и износот на потрошениот материјал, ситен инвентар и амбалажа, што се однесува на употребените залихи на материјал, ситен инвентар и амбалажа. Ревалоризацијата по овој основ се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 297.".

Член 12

Во член 32 се додава нов став 2, кој гласи:

„На соодветни аналитички конта, во рамките на синтетичките конта од оваа група конта, се искажуваат и амортизацијата пресметана за средствата на трудот што во целост се амортизирани, како и ревалоризацијата на пресметаната амортизација, што се врши во согласност со одредбите на член 34 од Законот за вкупниот приход. Ревалоризацијата на пресметаната амортизација се книжи на товар на контата од оваа група, а во корист на контото 297.".

Член 13

Во член 34 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во рамките на контото 448 се искажуваат и трошоците за ревалоризација што не се надоместени со ревалорзационите приходи, како и трошоците за ревалоризација на трајните извори на деловни средства. Ревалоризацијата по овој основ се книжи на товар на ова конто, во корист на контото 297.".

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 14

Во член 54 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На соодветни аналитички конта во рамките на групата конта 90 се искажува дел од фондот што се формира по основ на ревалоризација на средствата, од остатокот на ревалоризационите приходи и по основ на ревалоризацијата на трајните извори на деловните средства, во согласност со одредбите на чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.".

Досегашните ст. 2 до 8 стануваат ст. 3 до 9.

Член 15

Организациите на општествено-политичките заедници за стоковни резерви ќе го книжат покритието на непокриените расходи во согласност со одредбите на член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход на товар на контото 197, а во корист на контото 899.

Член 16

Организациите на општествено-политичките заедници за стоковни резерви ќе го усогласат водењето на книговодството со доредбите од овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1943/1
18 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за
финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

260.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за самоуправните интересни заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/77 и 11/85) во член 3 по став 11 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 009 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во употреба, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, – во натамошниот текст: Законот за вкупниот приход). Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрение на контото 290 – Реваловризациони приходи.

На крајот од годината, за резултатот на реваловризацијата на набавната вредност се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрение на контото 009 за состојбата на тоа конто и одобрение на контата на групата конта 02 – Исправка на вредноста на основните средства, а разликата се книжи на контото 290".

Досегашниот став 12 станува став 14.

Член 2

Во член 4 по став 6 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 019 – Пресметана реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на основните средства во подготовка, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрение на контото 290.

На крајот од годината за резултатот од реваловризацијата на средствата во подготовка се задолжуваат контата на оваа група конта, со одобрение на контото 019 за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 290.".

Досегашните ст. 7 и 8 стануваат ст. 9 и 10.

Член 3

Во член 11 по став 10 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На контото 099 – Пресметана реваловризацијата во текот на годината на основните средства надвор од употреба, се искажува привремено пресметаната реваловризација во текот на годината на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции, во согласност со одредбите на член 33 од Законот за вкупниот приход. Во текот на годината тоа конто се задолжува со одобрение на контото 290.

На крајот од годината, за резултатот од реваловризацијата на трајно неупотребливите основни средства и на запрените инвестиции се задолжуваат контата 090 и 092, со одобрение на контото 099 за состојбата на тоа конто и одобрение на контотто 091 за резултатот од исправката на вредноста на трајно неупотребливите основни средства, а разликата се книжи на контото 290.".

Член 4

Во член 13 по став 3 се додава став 4, кој гласи:

„За пресметаната позитивна курсна разлика при пресметувањето на вредноста на хартиите од вредност кои гласат на странски валути во динарска противвредност на средниот курс кој важи на крајот од месецот, односно тримесечјето, се задолжуваат контата на оваа група на кои се искажани овие вредности, а се одобрува контото 293. По извршенатра наплата на тие хартии се задолжува контото 193, а се одобрува контото 768.".

Член 5

Во член 16 по став 2 се додава став 3, кој гласи:

„На контото 149 – Побарувања по основ на реваловризационите приходи, се искажуваат побарувањата пресметани по основ на реваловризациониот дел од каматата на дадените динарски кредити и други динарски побарувања. Контото 149 се задолжува во корист на контото 290.".

Член 6

Во член 19 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„На контото 190 – Реваловризациони расходи, се искажуваат на аналитичките конта расходите по основ на: пресметаната камата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи; реваловризацијата на динарските обврски ако е предвидена со договор односно со самоуправна спогодба; негативните курсни разлики; реваловризационите расходи по други основи и преносот во деловниот фонд. Контото 190 се задолжува во корист на: контото 249 за пресметаните камати на динарските обврски, контата на кои се искажуваат динарските обврски што се реваловризираат; контата на кои се искажуваат обврските во девизи по кои се пресметани негативни курсни разлики, односно контото 293 за надоместените временски разграничени курсни разлики; контото 899 за износот на покритието на непокриените расходи што ќе се извршат во согласност со одредбите на член 130 став 1 на Законот за вкупниот приход и соодветното аналитичко конто во рамките на контото 900, за износот на вишокот на реваловризационите приходи, односно реваловризацијата на трајните извори на деловни средства, што се внесуваат во деловниот фонд.

На контото 191 – Трошоци на работењето, се искажуваат однапред платените материјални трошоци и другите трошоци на работењето што во моментот на плаќањето немаат карактер на трошоци, како што се: трошоците на инвестиционото одржување, закупнината, огревот издатоците за реклама, пропаганда, репрезентација и др.".

Член 7

Во член 24 по став 3 се додава став 4, кој гласи:

„На контото 249 – Обврски по основ на реваловризационите расходи, се искажуваат обврските по основ на каматата на динарските обврски до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.".

Член 8

Во член 26 став 1 по зборовите: „материјални трошоци" се додаваат затирка и зборовите: „како и други трошоци на работењето".

Ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„На контото 290 – Реваловризациони приходи, се искажуваат на посебни аналитички конта: реваловризацијата на основните средства и ситниот инвентар; реваловризацијата на амортизацијата; пресметаните приходи по основ на реваловризациониот дел од каматите на динарските побарувања; реваловризацијата на динарските побарувања; позитивните курсни разлики по кредитите и пласманите, надоместениот вишок на реваловризационите расходи и реваловризацијата на трајните извори на деловни средства, врз товар на други трошоци на работењето. Контото 290 се одобрува со задолжение на: контата од групата 0001 и 09 за реваловризација на основните средства и материјалните права; контата 358 и 368 за реваловризација на ситниот инвентар; контото 446 за реваловризација на амортизацијата; контото 448 за реваловризација на потрошениот ситен инвентар; контото 149 за пресметаните приходи по основ на дел од каматата на динарските побарувања до стапката на порастот на цените на индустриките производи; контата на кои се искажуваат динарските побарувања што се реваловризирани; контата на кои се искажуваат побарувањата по кредитите и другите пласмани во странски валути по кои се пресметани позитивни курсни разлики; контото 458 за износот на реваловризационите расходи што се надоместени со реваловризационите приходи и за реваловризација на трајните извори на деловни средства што не е надоместена од вишокот на реваловризационите приходи.

На контото 291 – Пресметани трошоци на работењето, се искажуваат пресметаните материјални трошоци и другите трошоци на работењето, кои во моментот на пресметавањето имаат карактер на реални трошоци.".

Член 9

Во член 28 по став 2 се додаваат два нови става кои гласат:

„На контото 358 – Реваловризација на ситниот инвентар на залихи се искажува износот на реваловризацијата на залихите на ситен инвентар, што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова котно, во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) а во корист на контото 358.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар на залиха да го реваловризира на начин како и основните средства, на контото 358 ја искажува привремената пресметка на реваловризацијата на тие средства. На крајот од годината резултатот од реваловризацијата на тие средства се книжи врз товар на контото 350, во корист на контото 358, за состојбата на тоа конто, а разликата се книжи на контото 290".

Член 10

Во член 29 по став 2 се додаваат два нови става кои гласат:

„На контото 368 – Реваловризација на ситниот инвентар во употреба, се искажува износот на реваловризацијата на ситниот инвентар во употреба што се однесува на состојбата на овие залихи на крајот од пресметковниот период. Зголемувањето на овој износ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290, а намалувањето врз товар на контото 290 (со метод на црвено сторно на побарувачката страна) во корист на контото 368.

Ако корисникот на општествени средства одлучи ситниот инвентар во употреба да го реваловризира на начин како основните средства, на контото 368 ја искажува привремената пресметка на реваловризацијата на тие средства. На крајот од годината за резултатот од реваловризацијата на набавната вредност го задолжува контото 360 со одобрение на контото 368, за состојбата на тоа конто и одобрение на контото 361, за резултатот од реваловризацијата на исправката на вредноста, а разликата се книжи на контото 290.".

Член 11

Во член 34 по став 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„Во рамките на контото 446 се искажува и амортизацијата пресметана за основните средства што се амортизирани во целост, како и ревалоизрацијата на пресметаната амортизација, што се врши во согласност со член 34 од Законот за вкупниот приход. Реваловризацијата на пресметаната амортизација се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290."

Досегашниот став 10 станува став 11.

По став 11 се додава нов став 12, кој гласи:

„Во рамките на контото 448 се иксажува и износот на реваловризацијата кој се однесува на употребениот ситен инвентар. Реваловризацијата по овој основ се книжи врз товар на ова конто, а во корист на контото 290.".

Член 12

Во член 35 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Во рамките на контото 458 се искажуваат и трошоците на реваловризацијата на трајните извори на деловни средства и износите на реваловризационите расходи што не се надоместени со реваловризациони приходи. Тоа конто се задолжува со одобрение на контото 290.".

Член 13

Во член 51 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„На тоа конто се искажува и делот од деловниот фонд што се формира по основ на реваловризација на средствата, од остатокот на реваловризационите приходи и по основ на реваловризацијата на трајните извори на деловни средства, во согласност со одредбите на чл. 28 до 41 од Законот за вкупниот приход.".

Член 14

Самоуправната интересна заедница ќе го книжи покритието на непокриените расходи во согласност со одредбите на член 130 ст. 1, 3 и 4 од Законот за вкупниот приход, врз товар на контото 190, а во корист на контото 899.

Член 15

Самоуправната интересна заедница ќе го усогласи водењето на книговодството со одредбите на овој правилник најдоцна до 31 март 1987 година.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-1942/1
18 февруари 1987 година

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

261.

Врз основа на член 265 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА ЗМЕЈАРСТВО

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат изработката, одржувањето и начинот на користење на змејови и стручната подготовка, стручната обука, испитите, дозволите и овластувањата на пилот на змеј.

Член 2

Змеј е воздухоплов, со едноставна конструкција, со кој се управува со промена на положбата на тежиштето на пилотот на змејот.

Змејот може да биде опремен и со погонска група со моќност до 50 kW (во натамошниот текст: моторен змеј).

Член 3

Со змеј може да се полета и со помош на моторно возило, моторен змеј, чамец, вител и др., ако е тоа утврдено со упатството на производителот.

Член 4

Летањето со змеј заради обука, спортско натпреварување и други јавни манифестации мора да го следи раководителот на летањето.

Лицето од став 1 на овој член мора да има дозвола за пилот на змеј и овластување на наставник по летање со змеј и мора да биде оспособено за давање прва медицинска помош.

II. ИЗРАБОТКА НА ЗМЕЈ

Член 5

Змејот, врските и падобранот на змејот мораат да бидат изработени така што без оштетување да можат да ги издржат влијанијата на силите што се јавуваат во текот на летот.

Член 6

Змеј изработуваат организации на здружен труд овластени за производство на змеј и физички лица – според домашна или странска техничка документација.

Член 7

Змејот се изработува врз основа на техничка документација.

Техничката документација содржи особено: резултати од пресметката и мерењето на отпорноста и конструкцијата на змејот, со листа на податоци за физичкото својство на материјалот што ќе се користи и цртежи во кои е определена формата на змејот и на неговите делови.

Член 8

Змејот мора да издржи оптоварување од + 4g до – 2g, без пластична деформација.

Член 9

Материјалот (суровините, полупроизводите и др.) од кој се изработува змејот односно кој се употребува за поправка и обнова мора да ги исполнува условите утврдени во техничката документација за определен тип змеј.

Член 10

Аеродинамичките карактеристики на змејот и неговата отпорност се утврдуваат со контрола на квалитетот на употребениот материјал во текот на пробниот лет.

Ако змеј што е оптоварен со пропишано оптоварување не претрпи трајни деформации и оштетувања и ако не се установат функционални недостатоци, се смета дека ги исполнил условите за отпорност.

Член 11

Змејот мора да се изработи така што сите негови делови да ги исполнат условите за стабилност на конструкцијата и функционалност при температура во границите од – 20°C до + 40°C.

Член 12

Материјалот од кој се изработува змејот и деловите што се вградуваат во него мораат да го исполнат условот за отпорност зависно од ракувањето со змејот и дејството на метеролошките услови (корозија, хемиски промени на материјалот и сл.).

Член 13

Површината на змејот мора да биде мазна и чиста, а металните делови заокруглени, со мазни рабови и заштитени од корозија.

Член 14

Пред да го издаде упатството за употреба на змејот, производителот мора да изврши проба на змејот на земја и во лет.

Пробата на змејот на земја опфаќа: надворешен преглед, контрола на димензиите и проверка на тежината на змејот, начинот и условите за склопување на змејот.

Пробата на змејот во лет опфаќа: проверка на статичките и динамичките елементи при полетување и слетување и проверка на стабилноста во сите фази на летот.

III. ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗМЕЈОТ

Член 15

Носителот на правото на располагање односно сопственикот на змејот е должен змејот да го одржува во согласност со техничкото упатство за употреба што го пропишува производителот на змејот.

Член 16

Погонската група на моторниот змеј се одржува во согласност со упатството на производителот.

Член 17

Ако змејот не се користи подолго од два дена мора да се обезбеди чување на спакуваниот змеј во затворена просторија.

Член 18

Змејот се користи според техничкото упатство на производителот.

Член 19

Со змеј може да управува лице кое има пропишана стручна подготовка, исполнува посебни здравствени услови и поседува дозвола за пилот на змеј.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, со змеј може да управува и лице кое нема дозвола за пилот на змеј ако се обучава или ако е запишано во книгата на ученици за пилоти на змеј на организација на Воздухопловниот сојуз на Југославија.

Член 20

Со змеј може да управува лице кое наполнило 18 години живот, и тоа:

1) ако во поглед на телесната и душевната способност ги исполнува пропишаните услови;

2) ако претходно завршило теориска и практична обука;

3) ако има дозвола за пилот на змеј односно ако е запишано во книгата на ученици за пилоти на змеј на организацијата на Воздухопловниот сојуз на Југославија во која се обучава.

По исклучок од одредбите на став 1 од овој член, со змеј може да лета и лице кое наполнило 16 години живот ако има писмена согласност од родителите.

Член 21

Пилотот на змеј односно ученикот за пилот на змеј за време на летањето со змеј мора да носи шлем.

Член 22

Со змеј можат да летаат најмногу две лица.

Член 23

Со змеј не смее да се лета на височини под 50 метри, над групи луѓе, населби, терени за скијање, далноводи, жичарници, паркиралишта, железнички пруги и воздухопловни пристаништа, ниту за време на магла и ретка магла.

Член 24

Акробатско летање со змеј не е дозволено.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, дозволено е акробатско летање со змеј кој е за тоа хомологиран.

Член 25

Со змеј не смее да се лета на височини над 150 m, ако нема вграден падобран.

Член 26

Со змеј, по правило, се лета дење.

Летањето со змеј во ноќни услови е дозволено:

1) ако пилотот на змејот има најмалку 100 летови од точка на полетување на височина од 100 m, од што најмалку 10 летови дење од точката на полетување од која се изведува ноќен лет;

2) ако метеоролошките услови се такви што видливоста да е најмалку 8 km, без облачност под точката на полетување, ако е небото без облаци најмалку 4/8, а брзината на ветерот помала од 3 m/s;

3) ако широчината на дното на долината е 2000 m, а димензиите на теренот на кој се слетува 150 m × 400 m и ако на него нема пречки, ако теренот за затрчување е под наклон од 30° или ако постои рампа, ако теренот е обележен со светла што мигаат кои јасно можат да се уочат од оддалеченост од 1500 m и ако е осветлен покажувачот на ветерот;

4) ако летот ѝ е пријавен на најблиската надлежна служба за контрола на летањето;

5) ако змејот на левата страна е обележен со црвено светло што мига или со зелено – на десната страна кое е видливо отстрана под агол од 110°.

Член 27

Раководителот на летањето е одговорен за подготовката што му претходи на летањето со змеј, за организацијата и безбедното летање со змеј, а особено за летање што се изведува заради обука на ученици за пилоти на змеј.

Член 28

Раководителот на летањето со змеј има право:

1) да им издава задачи на пилотите на змеј и на учениците за пилоти на змеј во рамките на програмата и прописите и да врши контрола на летањето со змеј;

2) да одлучува за почетокот и прекинувањето на летањето со змеј;

3) да им забрани летање со змеј на лица што прават прекршоци или кои на друг начин ја загрозуваат безбедноста на летањето;

4) да провери дали пилотот на змеј има пропишано овластување.

Член 29

Раководителот на летањето со змеј е должен:

1) пред почетокот на летањето да ја провери исправноста на змејот, со увид во исправите на змејот;

2) пред почетокот на летањето да провери дали пилотите на змеј односно учениците за пилоти на змеј имаат дозвола за летање односно дали се запишани во книгата на ученици и дали се опремени со пропишаната опрема;

3) да ја провери метеоролошката ситуација или врз основа на лично набљудување и мерење, зависно од временските прилики, да даде согласност за летање;

4) да одржува ред и дисциплина на стартот;

5) да му забрани летање на лице за кое ќе утврди дека не ја познава задачата или користи неисправен змеј и опрема или на лице кое психофизички не е способно да лета со змеј односно кое е под влијание на алкохол, дрога или друго психоактивно средство.

Член 30

На летањето со змеј мора да му претходи подготовка што ја врши раководителот на летањто со змеј.

Задача на подготовката е да осигура безбедно користење на змејот и да ги отстрани евентуалните недостатоци што би можеле да влијаат врз правилното и безбедното користење на змејот.

Подготовката може да биде општа, претходна и непосредна.

Член 31

Општа подготовка е задолжителна за учениците за пилоти на змеј и се состои во избор на лица за летање со змеј, со утврдување на нивната телесна и душевна способност.

Во рамките на општата подготовка се врши теориска и практична обука на учениците за пилоти на змеј на земјата.

Член 32

Претходна подготовка која е задолжителна за учениците за пилоти на змеј, се врши, по правило, еден ден односно најрано три дена пред летањето со змеј и опфаќа:

1) преглед на теренот од кој ќе се изведе летот;

2) преглед на змејот;

3) давање објаснениија во врска со летот.

Член 33

Непосредната подготовка се изведува на стартот, пред самиот почеток на летањето и опфаќа:

1) проверка на метеоролошката ситуација;

2) преглед на змејот и опремата;

3) соопштение на редоследот на летањето и повторување на задачата;

4) показен лет (за учениците за пилоти на змеј пред вршењето на првиот лет);

5) проверка на психофизичката состојба на ученикот односно на пилотот на змеј.

Член 34

Растојание меѓу две полетувања со змеј мора да изнесува најмалку 30 секунди.

Член 35

На ученик за пилот на змеј може да му се дозволи летање со змеј само ако успешно ги совладал теорискиот и практичниот дел на обуката, според пропишаниот план и програма.

Теориска и практична обука на ученици може да изведува само пилот на змеј кој има овластување на наставник по летање со змеј.

Член 36

Пред почетокот на летањето со змеј, пилотот на змејот е должен:

а) да го прегледа змејот;

б) да има соодветна опрема;

в) да бара да биде ослободен од летање во случај на психичка или физичка неспособност за безбедно летање со змеј;

г) да бара да не лета, ако не е уверен дека ги совладал сите елементи на техниката за пилотирање со змеј;

д) во целост да се придржува кон поставената задача.

Член 37

Ако два змеја летаат на иста височина, еден во пресрет на друг, пилотите се должни да свртат десно така што меѓусебното растојание да изнесува најмалку 100 m.

Член 38

Ако патеките на летот на два змеја се вкрстуваат, првенство на пат има змејот што доаѓа од десната страна.

Член 39

Змејот што со престигнува друг змеј има првенство на пат. Змејот што лета со поголема брзина го претекнува змејот што лета со помала брзина на растојание најмалку од 100 m.

Член 40

Во средба на два змеја на иста височина на падина, првенство на пат има змејот на кој падината му е од десната страна, а другиот змеј мора да сврти десно од падината.

Член 41

Забрането е претекнување, ако на обата змеја се наоѓа од десната страна падина. Змејот што лета со поголема брзина е должен да се сврти и летот да го продолжи во спротивна насока.

Ако на змејовите падината им е од левата страна, претекнување е дозволено така што змејот што лета со поголема брзина го претекнува змејот што лета со помала брзина, од десната страна.

Член 42

Ако повеќе змејови летаат во ист термички столб, првенство на пат има змејот што прв започнал кружење.

Ако змејовите кружат во ист термички столб, на иста височина и со иста брзина, летањето мора да се врши на кружно меѓусебно растојание од 180°, така што меѓусебно да се видливи.

Член 43

Со змеј не смее да се лета ако настане нагорно струење на воздухот на 300 m под долната граница на облакот, особено ако брзината на нагорното струење достигне 4 m во секунда.

Член 44

Кога повеќе змејови истовремено слетуваат, првенство има змејот што лета на помала височина, освен ако друг змеј е веќе во фаза на финален долет или се наоѓа во опасност.

Кога два змеја што летаат на иста височина истовремено треба да слетаат, првенство има змејот со помала финеса.

IV. ИСПИТИ И ДОЗВОЛИ

Член 45

Испитот за издавање дозвола за пилот на змеј се состои од теориски и практичен дел.

Теорискиот дел на испитот опфаќа:

1) теорија на летањето (основи на аеродинамиката, основи на механиката на летот, основи на стабилноста и управливоста);

2) воздухопловна метеорологија;

3) познавање на конструкцијата и материјалот од кој се изработува змеј;

4) воздухопловни прописи;

5) познавање на својствата на падобранот и неговото користење.

Практичниот дел на испитот опфаќа проверка на стручното знаење и способноста за безбедно управување со змеј.

На практичен дел на испитот може да пристапи лице кое има најмалку 10 часови летање со змеј.

Член 46

Пилот на змеј кој има дозвола за пилот на змеј може да лета на повеќе типови змеј за кои има соодветно овластување и да учествува на воздухопловни приредби и натпревари.

Член 47

Обука по летање, проверување на стручноста и контрола на извршувањето на задачата за време на обуката врши наставникот по летање со змеј, кој има: најмалку три години важечка дозвола за пилот на змеј, најмалку 100 часови летање со змеј, завршена обука за наставник по летање со змеј и положен испит за наставник по летање со змеј.

Член 48

Испитот за наставник по летање со змеј се состои од теориски и практичен дел.

Теориски от дел на испитот опфаќа:

1) аеродинамика и теорија на летањето;
2) воздухопловна метеорологија;
3) методика на наставата и обука по летање;
4) воздухопловни прописи;
5) структура и технологија на изработката на змеј;
6) техника на летањето со змеј;
7) техника на користењето на падобран;
8) давање прва медицинска помош.

Практичниот дел на испитот опфаќа проверка на стручното знаење и на способноста за безбедно управување со змеј.

Член 49

Наставникот по летање со змеј ги обучува учениците за добивање дозвола за летење со змеј и пилотите на змеј за добивање овластување на наставник по летање со змеј и ја проверува нивната стручност.

Член 50

Испитот за добивање дозвола за летање односно овластување на наставник по летање со змеј (во натамошниот текст: испит) се полага според пропишаната програма.

Член 51

Писмена пријава за полагање испит кандидатот поднесува до сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Кон пријавата за полагање испит кандидатот мора да приложи доказ дека завршил обука и мислења од наставникот по летање со змеј.

Писмена пријава за полагање испит се поднесува и кога се полага поправен испит.

Член 52

Кандидатот што ги исполнува условите за полагање испит мора да биде известен за денот и местото на полагање на испитот во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата за полагање испит.

Денот на полагање испит не може да биде определен во рок пократок од 15 дена од денот на приемот на известувањето, освен ако кандидатот побара испитот да го полага пред тој рок.

На кандидатот што не ги исполнува условите за полагање испит му се доставува решение. Против тоа решение кандидатот може да изјави жалба до функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Член 53

Кандидатот кој на теориски от дел на испитот не ќе положи два предмета, може да полага поправен испит во рок кој не може да биде пократотк од 30 дена, ниту подолг од 60 дена. од денот кога му е соопштено дека не ги положил тие предмети.

Ако кандидатот не положи повеќе од два предмета, може повторно да полага испит од сите предмети, во рок кој не може да биде пократот од шест месеци од денот кога му е соопштено дека не го положил испитот.

По положениот теориски дел на испитот кандидатот полага практичен дел на испитот.

На кандидатот што нема да го положи практичниот дел на испитот, му се признава положениот теориски дел на испитот ако повторно полага испит.

Член 54

Комисијата за полагање испити го оценува целокупниот успех на кандидатот на испитот со оценка: „положил" или „не положил".

Член 55

По барање на лицето што ќе го положи испитот сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските му издава дозвола.

Член 56

Образецот на дозволата за пилот на змеј содржи: грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, назив на органот на управата што издава дозвола, назив на дозволата и рубрики во кои се внесуваат регистарски број, име, презиме и адреса на имателот на дозволата, датум на издавањето на дозволата и потпис на овластеното лице што ја издало дозволата, место за фотографија и потпис на имателот на дозволата.

Образецот на дозволата за пилот на змеј има формат 205 × 156 mm со преклоп. Образецот на дозволата се печати на јазиците на народите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на еден од јазиците на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO).

Член 57

Пилотот на змеј и ученикот за пилот на змеј мораат да водат книшка на летањето во која се запишуваат податоци за извршените летови, за видот и должината на летот.

Книшката на летањето содржи податоци за:

1) летовите (број на извршени летови и број на часови на летање, ако летот е подолг од една минута);
2) несреќите и тврдите слетувања.

Податоците во книшката на летањето ги заверува одговорното лице во организацијата на Воздухопловниот сојуз на Југославија.

V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Со парична казна од 20.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друга организација која е носител на право на располагање со змеј или друго правно лице, кое организира летање со змеј:

1) ако за секое летање со змеј заради обука, спортско натпреварување и други јавни манифестации не определи раководител на летањето кој има важечка дозвола за пилот на змеј и овластување на наставник по летање со змеј и кој е оспособен за давање прва медицинска помош (член 4);

2) ако користи змеј спротивно на техничкото упатство на производителот (чл. 3 и 18);

3) ако на лице, кое нема пропишана стручна подготовка, кое не ги исполнува посебните здравствени услови и кое нема дозвола за пилот на змеј му дозволи летање со змеј, или ако му дозволи летање на лице кое не поседува дозвола за пилот на змеј, а кое не се обучава и кое не е запишано во книгата на ученици на организација на Воздухопловниот сојуз на Југославија (член 19);

4) ако змејот не го одржува во согласност со техничкото упатство за употреба што го пропишува производителот на змејот (член 15);

5) ако погонската група на моторен змеј не ја одржува во согласност со упатството на производителот (член 16);

6) ако не обезбеди змеј што не се користи подолго од два дена да се чува спакуван во затворена просторија (член 17);

7) ако му дозволи летање со змеј на лице кое не ги исполнува условите од член 20 на овој правилник.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друга организација која е носител на право на располагање со змеј односно во друго правно лице кое организира летање со змеј, со парична казна од 2.000 до 10.000 динари.

За прекршок од став 1 точ. 2, 4, 5 и 6 на овој член ќе се казни и поединец сопственик на змеј со парична казна од 2.000 до 10.000 динари.

Член 59

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок раководител на летањето:

1) ако му дозволи на ученик за пилот на змеј да лета без шлем (член 21);

2) ако не постапи во согласност со член 29 од овој правилник;

3) ако му дозволи летање на ученик за пилот на змеј кој претходно не го савладал успешно теориското и практичниот дел на обуката, според пропишаниот план и програма (член 35 став 1).

Член 60

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок пилот на змеј:

1) ако полетува со змеј со помош на моторно возило, моторен змеј, чамец, вител и др., а тоа не е утврдено со упатството на производителот (член 3);

2) ако за време на летањето не носи шлем (член 21);

3) ако лета со змеј на височини под 50 m над групи луѓе, населби, терени за скијање, далноводи, жичарници, паркиралишта и воздухопловни пристаништа и за време на магла и ретка магла (член 23);

4) ако изведува акробатско летање со змеј кој не е хомологиран за тоа (член 24);

5) ако нема вграден падобран а лета со змеј на височини над 150 m (член 25);

6) ако лета со змеј ноќе противно на условите од член 26 став 2 на овој правилник;

7) ако полетува со змеј по друг змеј во растојание пократко од 30 s (член 34);

8) ако нема овластување на наставник по летање со змеј а теориски и практично обучува ученици (член 35 став 2);

9) ако не се придржува кон пропишаните услови за безбедно користење на змејот при летање со змеј (член 36);

10) ако престигнува друг змеј, а од десната страна се наоѓа падина или ако лета со поголема брзина од друг змеј а не го сврти змејот и летот не го продолжи во спротивна насока (член 41 став 1).

VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 61

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

VI/01 бр. 7078/1
8 декември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Мустафа Пљакиќ, с. р.

262.

Врз основа на член 84 став 2 и член 95 став 1 од Законот за превоз на опасни материи („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/84), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи и со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПОМОРСКИОТ СООБРАЌАЈ И ВО СООБРАЌАЈОТ НА ВНАТРЕШНИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на превоз на опасни материи во поморскиот сообраќај и во сообраќајот на внатрешните пловни патишта со бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Опасни материи, во смисла на член 1 од овој правилник, се:

1) експлозивни материи;

2) предмети полнети со експлозивни материи;

3) средства за палење, огнометни предмети и слични предмети;

4) збиени гасови, гасови претворени во течност и гасови растворени под притисок;

5) запални течност;

6) запални цврсти материи;

7) материи наклонети на самопалење;

8) материи што во допир со вода развиваат запални гасови;

9) материи што предизвикуваат палење (со оксидација);

10) органски пероксиди;

11) отрови;

12) гадни и заразни материи;

13) радиоактивни материи;

14) корозивни (нагризувачки) материи.

Член 3

Опасни материи од член 2 на овој правилник можат да се превозуваат со товарни бродови што ги исполнуваат условите за превоз на опасни материи, утврдени со техничките правила на Југословенскиот регистар на бродовите.

По исклучок, опасни материи од член 2 на овој правилник можат да се превозуваат со поморски товарни бродови што не ги исполнуваат условите од став 1 на овој член, ако границите на пловидбата, времетраењето на пловидбата, вклучувајќи го и времето на престој во луката, големината на бродот, видот на опасните материи што се превозуваати степенот на реалната и непосредната опасност за бродовите тоа го овозможуваат.

Дозвола за превоз на опасни материи во случаите од став 2 на овој член издава органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата определен со републички односно покраински пропис (во натамошниот текст: органот надлежен за работите на безбедноста на пловидбата).

Член 4

Со патнички бродови не можат да се превозуваат опасни материи од точ. 4 до 14 на член 2 од овој правилник.

Со патнички бродови што превозуваат најмногу 25 патници или еден патник на секои три метра должина на бродот, можат да се превозуваат опасните материи од точ. 4 до 14 на член 2 од овој правилник во посебен простор одвоен од патниците.

Член 5

Со патнички бродови можаат да се превозуваат само определени експлозивни материи, и тоа:

1) заштитени набои и заштитени запалки;

2) експлозиви до 10 kg вкупна маса;

3) пиротехнички средства за сигнализирање на несреќа што се употребуваат на бродови или авиони, до 600 kg вкупна маса;

4) огнометни предмети (пиротехнички средства) што не предвизвикуваат пожар и експлозија на целокупната маса.

Член 6

При превоз на опасни материи со бродови, исправата за превоз на опасна материја мора да содржи, покрај податоците пропишани во член 31 од Законот за превоз на опасни материи, и податоци за повеќекомпонентната опасна материја и нејзините особини што можат да влијаат врз безбедниот превоз.

Податоците од став 1 на овој член ги доставува испраќачот што ги дава на превоз опасните материи.

Член 7

Опасните материи што се спакувани можат да се превозат под палубата или на палубата.

Ако на палубата се превозуваат опасни матери што поради своите особини претставуваат непосредна опасност за бродот и околината, мораат да бидат под постојан надзор и достапни за случај на несреќа.

При превоз на опасни материи од став 1 на овој член,

екипажот на бродот е должен да постапува во согласност со упатството од член 31 став 2 точка 4 на Законот за превоз на опасни материи.

Член 8

Опасните материи што се спакувани, а што се превозуваат на палубата и под палубата мораат да бидат сместени така што да останува слободен премин и пристап до опремата и уредите неопходни за безбедноста на бродот и околината, како и заради осигурување безбедност на членовите на екипажот и на патниците.

Член 9

Опасните материи што испуштаат отровни и корозивни пареи и запални гасови мораат да бидат сместени во посебна просторија со посебен систем за вентилација.

Член 10

Опасните материи во текот на превозот во поморскиот сообраќај мораат да бидат одвоени на начинот прикажан во следнава табела за одвојување:

Вид на опасните материи	1.1 1.5	1.2	1.3	1.4	4.1	4.2 4.3	5.1 5.2	5.3	6	7	8	9	10	11	12	13	14
1.1 1.5	*	*	*	*	4	2	4	4	4	4	4	4	4	2	4	2	4
1.2	*	*	*	*	4	2	4	4	4	4	4	4	4	2	4	2	4
1.3.	*	*	*	*	4	2	4	4	3	3	4	4	4	2	4	2	2
1.4	*	*	*	*	2	1	2	2	2	2	2	2	2	X	4	2	2
4.1	4	4	4	2		X	2	2	1	2	1	2	4	X	4	2	1
4.2 4.3	2	2	2	1	X		2	2	X	1	X	X	2	X	2	1	X
5.1 5.2	4	4	4	2	2	2			2	2	2	2	3	X	3	2	1
5.3	4	4	4	2	2	2			1	2	2	2	3	X	3	2	1
6	4	4	3	2	1	X	2	1		1	1	1	2	X	3	2	1
7	4	4	3	2	2	1	2	2	1		1	2	2	X	3	2	1
8	4	4	4	2	1	X	2	2	1	1		2	2	X	2	2	1
9	4	4	4	2	2	X	2	2	1	2	2		2	1	3	1	2
10	4	4	4	2	4	2	3	3	2	2	2	2		1	3	2	2
11	2	2	2	X	X	X	X	X	X	X	X	1	1		1	X	X
12	4	4	4	4	4	2	3	3	3	3	2	3	3	1		3	3
13	2	2	2	2	2	1	2	2	2	2	2	1	2	X	3		2
14	4	4	2	2	1	X	1	1	1	1	1	2	2	X	3	2	

Броевите и ознаките во табелата за одвојување го имаат следното значење:

1) 1 – опасни материи сместени далеку една од друга, а најмалку три метра; 2 – опасни материи одвоени, и тоа под палубата – во различни складови, а на палубата – најмалку три метра; 3 – опасни материи одвоени со цел оддел или склад; 4 – опасни материи надолжно одвоени со цел оддел или склад; x – нема посебни барања за одвојување, освен ако тоа не го бара усвоената меѓународна практика; * – во согласност со усвоената меѓународна практика;

2) експлозивни материи и предмети: 1.1 – материи и предмети што претставуваат опасност од експлозија на целокупната маса; 1.2 – материи и предмети што претставуваат опасност од разлетување на фрагменти, но не и опасност од експлозија на целокупната маса; 1.3 – материи и предмети што претставуваат опасност од пожари, опасност од разлетување на фрагменти или експлозии во маса или едното и другото, но не претставуваат опасност од експлозија на целокупната маса; 1.4 – материи и предмети што не претставуваат значајна опасност; 1.5 – мошне неосетливи материи што не претставуваат опасност од масовна експлозија;

3) збиени гасови, гасови претворени во течност и гасови растворени под притисок: 4.1 – запални гасови; 4.2 – незапални гасови; 4.3 – отровни гасови;

4) запални течности: 5.1 – течности со пламиште под 18°C; 5.2 – течности со пламиште од 18°C до 23°C; 5.3 – течности со пламиште од 23°C до 61°C (метод со отворен сад) или 65,5°C (метод со затворен сад).

Член 11

Опасните материи во текот на превозот на внатрешните пловни патишта мораат да бидат одвоени на начинот прикажан во следнава табела за одвојување:

Вид на опасните материи		1а	1б			1в	4		8	7	5	6	9	11	13	14	12	10
			5⁰ 6⁰	8⁰ 9⁰	1⁰до 4⁰ 7⁰ 10⁰ 11⁰		F	NF										
1а		–	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	А
1б	5⁰–6⁰	А	–	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	А
	8⁰–9⁰	А	А	–	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	А
	1⁰ до 4⁰, 7⁰ 10⁰–11⁰	А	А	А	–	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	А
1в		А	А	А	А	–	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	А
4	F	А	А	А	А	А	–	–	Б	Б	Б	Б	Б	–	Б	Б	–	А
	NF	А	А	А	А	А	–	–	–	Б	Б	–	–	–	Б	–	–	А
8		А	А	А	А	А	Б	–	–	Б	Б	Б	Б	–	Б	Б	–	А
7		А	А	А	А	А	Б	Б	Б	–	Б	Б	Б	–	Б	Б	–	А
5		А	А	А	А	А	Б	Б	Б	Б	–	Б	Б	–	Б	Б	–	А
6		А	А	А	А	А	Б	–	Б	Б	Б	–	Б	–	Б	Б	–	А
9		А	А	А	А	А	Б	–	Б	Б	Б	Б	–	–	Б	Б	–	А
11		А	А	А	А	А	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	А
13		А	А	А	А	А	Б	Б	Б	Б	Б	Б	Б	–	–	Б	–	А
14		А	А	А	А	А	Б	–	Б	Б	Б	Б	Б	Б	Б	–	–	А
12		–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–
10		А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	А	–	–

Броевите и ознаките во табелата за одвојување го имаат следното значење:

1) А – материите не можат да се натоварваат во исти складови или во соседни складови; ако се натоварваат на палубата мораат да бидат оддалечени најмалку 20 метра една од другата; Б – материите не можат да се натоварваат една над друга на палубата или во ист склад; ако се натоварваат на палуба или во ист склад, мораат да бидат на меѓусебна хоризонтална оддалеченост најмалку три метра; ако радиоактивни материи се натоварени во соседни складови, мораат да бидат оддалечени најмалку три метра една од друга; забраната за мешовито натоварување според табелата со буквата Б не се однесува на материите од точ. 4 до 11 и 14 на член 2 од овој правилник ако се спакувани во челични буриња; забрана за мешовито натоварување според табелата со буквата Б мора да се примени кај мешовито натоварување на материи од точ. 9, 11, 12 и 13 на член 2 од овој правилник со храна или со стоки за широка потрошувачка;

2) F запалив гас; NF – незапалив гас;

3) 1а – експлозивни материи и предмети; 1б – предмети полнети со експлозивен материјал; 1в – запалки, предмети за огномет и сл.; 1⁰ – запалки без иницијални каписли, 2⁰ – недетонирачки иницијални каписли, 3⁰ – железнички сигнални средства за магла, 4⁰ – куршуми за стрелачко лесно оружје, 5⁰ – детонирачки стапини, 6⁰ – сеизмички детонаторски каписли, 7⁰ – предмети со погонско полнење, предмети со експлозивно полнење (со минерско), предмети со погонско и експлозивно полнење под услов да содржат само експлозиви 1а и без детонатор, 8⁰ – предмети полнети со трасерски смеси или со смеси за осветлување, 9⁰ – димни средства што содржат хлоратни смеси или експлозивни полнења или основни експлозивни полнења, 10⁰ – минерски средства полнети со динамит или со експлозив кој е сличен на динамит без запалка или детонатор, стопански средства со обликувано експлозивно полнење; 11⁰ – предмети со стопаснки експлозив, предмети со погонско и експлозивно полнење со детонатор, внимателно спакувани;

4) црта (–) – нема општи препораки за одвојување.

Член 12

Ако опасни материи од член 2 на овој правилник се превозуваат на внатрешните пловни патишта, се групираат на рестриктивни и нерестриктивни опасни материи заради утврдување на посебни услови за нивни превоз.

Рестриктивни опасни материи се опасните материи од точ. 1, 4, 7, 8, 10, 12 и 13 на член 2 од овој правилник и можат да бидат исклучени од превоз на внатрешните пловни патишта ако не се исполнети условите за превоз во согласност со одредбата на член 7 од Законот за превоз на опасни материи односно во согласност со европските одредби за меѓународен превоз на опасни материи на внатрешните пловни патишта.

Нерестриктивни опасни материи се опасните материи од точ. 3, 6, 9, 11 и 14 на член 2 од овој правилник.

Член 13

Заповедникот на брод пред испловувањето односно впловувањето на бродот со кој се превозуваат опасни материи мора да му достави на органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата во луката односно во пристаништето план за сместување на опасни материи на бродот и потврда од овластената организација дека опасните материи се наредени и осигурени од поместување односно дека нездруживите опасни материи се одвоени.

Член 14

Заповедникот на бродот мора, по завршеното натоварување на опасни материи, да обезбеди преглед на состојбата на опасните материи на секои 24 часа односно во временски растојанија што ги определил испраќачот на опасните материи и податоците за утврдената состојба да ги внесе во бродскиот дневник.

Член 15

Во случај на несреќа на брод со кој се превозуваат опасни материи, поради која би можела да настане фактичка и непосредна опасност за бродот, екипажот, патниците, товарот и околината, заповедникот на бродот мора да ги преземе сите мерки на сигурност што се пропишани со упатството за посебни мерки на сигурност (член 31 став 2 точка 4 од Законот за превоз на опасни материи), како и други неопходни мерки за отстранување на опасноста.

Ако во несреќата од став 1 на овој член опасните материи се оштетат или ако некои опасни материи мораат да се префрлат во несоодветна амбалажа, таквите опасни материи не можат натаму да се транспортираат. Во тој случај, заповедникот на бродот мора да побара упатства од органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата и мора да постапи по тие упатства.

Член 16

Заповедникот на брод со кој се превозуваат опасни материи мора, во случај на загубување, отфрлање или истурување на опасни материи во текот на превозот, да го извести за тоа органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата и да даде податоци за:

а) местото на загубувањето, отфрлањето или истурањето на опасни материи;

б) количината, видот и својствата на опасните материи што се загубени, отфрлени или истурени;

в) мерките преземени заради собирање односно отстранување на опасните материи;

г) означување на опасноста за бродовите и околината на местото на загубувањето, отфрлањето и истурањето на опасните материи.

Член 17

Ако во текот на пловидбата со брод со кој се превозуваат опасни материи се установат какви и да е неправилности во врска со опасните материи (неправилни и недоволни технички називи, опасни материи без налепница или со несоодветна налепница односно етикета и сл.), заповедникот на бродот мора да преземе соодветни превентивни мерки за сигурност на бродот, екипажот, патниците и околината и да побара упатства за натамошна постапка од органите надлежни за работи на безбедноста на пловидбата.

Извештајот за несреќата на брод со кој се превозуваат опасни материи, заповедникот на бродот е должен да му го достави на органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата веднаш по впловувањето на бродот во луката односно пристаништето.

Член 18

Заповедникот на бродот со кој се превозуваат опасни материи е должен 48 часа пред впловувањето на бродот во луката, пристаништето или бродстака преводница, да му достави на органот надлежен за работи на безбедноста на пловидбата податоци за точното време на впловувањето на бродот и за видот и количината на опасните материи на бродот.

Заповедникот на бродот од став 1 на овој член е должен да му достави на органот надлежен на работи на безбедноста на пловидбата и податок за времето и местото на впловувањето на бродот во крајбрежното море односно во внатрешните води на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. В/02-3822
26 декември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Мустафа Пљакиќ, с.р.

263.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НОСЕЧКИ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за носечки челични конструкции, кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Носечки челични конструкции споени со заковки и вијци. Технички услови — JUS U.E7.145

2) Заварени носечки челични конструкции. Технички услови — — — — — JUS U.E7.150

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник преставуваат составен дел на овој правилник, а се обајавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на носечките челични конструкции од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/43
29 јануари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

264.

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИЦИТЕ ЗА НОСЕЧКИ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

Член 1

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за техничките прописи за заварени челични конструкции кај носечки челични конструкции („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/64) и Правилникот за техничките прописи за носечки челични конструкции споени со заковки и вијци („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/64).

Член 2

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 07-95/1
8 јануари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

265.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бородовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР ЗА УРЕДОТ ЗА РАКУВАЊЕ СО ТОВАР

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 19 – Уред за ракување со товар, кои ги содржат следните поглавја:
1.1. Општи одредби
1.2. Норми за пресметка
1.3. Бродски товарен уред со самарици
1.4. Бродски и пловни дигалки и направи за дигање
1.5. Опрема и јажиња
1.6. Материјали, топлинска обработка, заварувања
1.7. Прегледи и испитувања
1.8. Исправи и означување
1.9. Бродски платформи за подигање.
2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.
3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-33
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

266.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА МАШИНИТЕ

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 9 – Машини, кои ги содржат следните поглавја:
1.1. Општи барања
1.2. Мотори со внатрешно согорување
1.3. Парни турбини
1.4. Помошни машини
1.5. Палубни машини
1.6. Хидрауличен погон
1.7. Гасни турбини
2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.
3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-38
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

267.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА РАДИОУРЕДОТ

1. Се донесуваат технички правила за градење на поморски бродови, Дел 14-Радиоуред, кои ги содржат следните поглавја:
1.1. Општи барања
1.2. Опремување на бродовите со радиоуред
1.3. Уредување на просториите на радиоуредот, распоред и вградување
1.4. Антенски системи и заземјувања
1.5. Општи технички барања за радиоуредите
1.6. Технички барања за радио телеграфските уреди
1.7. Технички барања за радиотелефонските уреди
1.8. Разгласен уред
1.9. Уреди за радио навигациските средства.
2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.
3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-34
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

268.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО ОД БРОДОВИ

1. Се донесуваат технички правила за градење на поморски бродови, Дел 22 – Спречување на загадувањето од бродови, Дел 4 – Спречување на загадувањето со отпадни води и Дел 5 – Спречување на загадувањето со смет, кои ги содржат следните поглавја:
1.1. Општи барања
1.2. Примена
1.3. Објаснение на поимите и изразите
1.4. Опсег на надзорот.
2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.
3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-35
28 јануари 1986 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

269.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА ОПРЕМАТА НА ТРУПОТ

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 3 – Опрема на трупот, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи одредби

1.2. Кормиларски уред

1.3. Котвен уред

1.4. Уред за врзување на бродот

1.5. Уред за влечење

1.6. Сигнални јарболи

1.7. Отвори на трупот, надградбите и кукичките и средства за нивно затворање

1.8. Распоред и опрема на бродските простори.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-36
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

270.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА ЕЛЕКТРИЧНИОТ УРЕД

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел – 12 Електричен уред, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи одредби
1.2. Електричен уред на бродот
1.3. Електричен поривен уред
1.4. Резервни делови
1.5. Конструкција на електричниот уред

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-37
26 февруари 1985 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

271.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА НАДЗОРОТ НАД ГРАДЕЊЕТО

1. Се донесуваат технички правила за градењето на поморски бродови, Дел 1 – Надзор над градењето, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи барања
1.2. Надзор над градењето
1.3. Исправи што ги издава Југорегистар.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-39
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

272.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА СРЕДСТВАТА ЗА СПАСУВАЊЕ

1. Се донесуваат техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 18 – Средства за спасување, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи барања
1.2. Опремување на бродовите со чамци и сплавови за спасување и со чамци за собирање
1.3. Опремување на бродовите со елеци за спасување, појаси за спасување, хидро и термозаштитна облека и со лични средства за заштита од топлина
1.4. Опремување на бродовите со уреди за исфрлање на јажиња, со пиротехнички средства за сигнализирање на опасности и со радио уреди за спасување
1.5. Конструкција на чамците за спасување
1.6. Конструкција на сплавовите за спасување
1.7. Конструкција на чамците за собирање
1.8. Изведба на елеците за спасување, појасите за спасување, хидро и термооблеката и на личните средства за заштита од топлина
1.9. Изведба на уредите за исфрлање на јажиња
1.10. Изведба на уредите за спуштање
1.11. Изведба на витли на уредите за спуштање
1.12. Сместување и поставување на средствата и уредите за спасување на бродовите.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-40
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

273.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА СПОСОБНОСТА НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ СПАКУВАНИ И РАСТУРЕНИ КРУТИ ТОВАРИ

1. Се донесуваат технички правила за градење на поморски бродови – за способноста на поморските бродови за превоз на опасни спакувани и растурени крути товари, кои содржат:

1.1. Општи барања

1.2. Технички барања.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-41
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

274.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА ПОМАГАЛАТА ЗА НАВИГАЦИЈА

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел 16 – Помагала за навигација, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи барања

1.2. Помагала за навигација на бродовите со самостоен погон

1.3. Конструкција и поставување на помагала за навигација на бродот.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-42
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

275.

Врз основа на член 4 точка 7 од Законот за Југословенскиот регистар на бродовите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74 и 23/80), на предлог од Стручниот совет на Југорегистар, Советот на Југорегистар донесува

ОДЛУКА

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРАВИЛА НА ЈУГОРЕГИСТАР – ЗА СРЕДСТВАТА ЗА СИГНАЛИЗАЦИЈА

1. Се донесуваат технички правила за измени и дополненија на Техничките правила за градење на поморски бродови, Дел – 15 Средства за сигнализација, кои ги содржат следните поглавја:

1.1. Општи барања

1.2. Опрема на бродот со средства за сигнализација

1.3. Конструкција на сигналните средства

1.4. Поставување на сигналните средства на бродот.

2. Техничките правила од точка 1 на оваа одлука се нејзин составен дел, а се објавуваат во посебно издание на Југорегистар.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр: 3008/16-43
20 јануари 1987 година
Сплит

Директор на Југорегистар,
Игнацио Стиполев, с. р.

276.

Врз основа на член 206 став 4 и член 251 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 10/83, 7/84, 25/85 и 38/86), во согласност со сојузниот секретар за финансии, директорот на Сојузната управа за царини издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ТАРИФАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ РАБОТНИК ЗАРАДИ СМЕСТУВАЊЕ НА СТОКИ ПОД ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД МЕСТОТО ОДНОСНО ПРОСТОРИИТЕ ИЛИ ПРОСТОРИТЕ ВО КОИ ЦАРИНАРНИЦАТА РЕДОВНО ВРШИ ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ

1. Во Наредбата за тарифата на трошоците за излегување на царинскиот работник заради сместување на стоки под царински надзор и царинење на стоки надвор од местото односно просториите или просторите во кои царинарницата редовно врши царински надзор и царинење на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/76 и 10/83) во точка 2 став 1 бројот: „500" се заменува со бројот: „2.000".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. Д-7832/3-86
19 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
царини,
Звонко Пошкиќ с. р.

277.

Врз основа на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86), сојузниот секретар за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕ НАДОМЕСТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ БЕСПЛАТНИ И ПОВЛАСТЕНИ ПРЕВОЗИ НА ЛИЦА ВО 1987 ГОДИНА

1. На организацијата на здружен труд што се занимава со превоз на патници во јавниот сообраќај (во натамошниот текст: сообраќајна организација) во 1987 година ѝ се исплатува надомест за извршените превози на лица кои, врз основа на сојузни закони, имаат право на бесплатно односно повластено возење во патничкиот сообраќај, со поднесување барање за исплата на тој надомест. Барање се поднесува по истекот на месецот во кој е извршено повластеното возење.

Барање за исплата на надомест сообраќајната организација поднесува до службата за општествено книговодство кај која има жиро-сметка.

2. Кон барањето за исплата на надомест од точка 1 на оваа наредба сообраќајната организација приложува во два примерока, преглед на извршените повластени возења, составен врз основа на издадените возни исправи (билети) за повластено возење.

Прегледот на извршените повластени возења од став 1 на оваа точка се составува на Образецот ПВ кој претставува составен дел на оваа наредба.

3. Кога службата за општествено книговодство од точка 1 став 2 на оваа наредба ќе утврди дека пресметката во прегледот на извршените повластени возења е исправна, а барањето за исплата на надомест основано, исполнува налог со кој го одобрува износот на надоместот во корист на жиро-сметката на сообраќајната организација, а на товар на сметката 60811-630-112 – жиро-сметка за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година, позиција 467 – Средства за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

4. Еден примерок од прегледот на извршените повластени возења од точка 2 став 1 на оваа наредба, заедно со налогот од точка 3 на оваа наредба, службата за општествено книговодство од точка 1 став 2 на оваа наредба доставува до Службата за општествено книговодство на Југославија, која врз основа на тој преглед и налог ѝ дозначува средства на сообраќајната организација.

Службата за општествено книговодство на Југославија води евиденција за надоместите исплатени во претходниот месец, по гранки на сообраќајот и категории на корисниците на повластици, според Образецот ПВ.

5. За исплата на надоместите за повластено возење на југословенските железници, Заедницата на југословенските железници поднесува заедничко барање за сите железнички транспортни организации на здружен труд, кон кое го приложува месечниот преглед на извршените повластени возења според Образецот ПВ.

6. По исклучок од одредбите на оваа наредба, надомест за бесплатен превоз на членови на Претседателството на СФРЈ, членови на Советот на федерацијата, делегати на Собранието на СФРЈ и членови на Сојузниот извршен совет ѝ се исплатува на Заедницата на југословенските железници за сите железнички транспортни организации на здружен труд во паушален износ. Височината на тој надомест се утврдува со договор што го склучуваат претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски и претставникот на Заедницата на југословенските железници, врз основа на бројот на корисниците на повластици, проценетиот број на патувања, проценетиот просечен превозен пат и износот на редовната цена на возниот билет на просечен превозен пат за едно патување во 1987 година.

7. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Број: 7-445/1-87
17 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

Образец ПВ

Назив на сообраќајната организација — Гранка на сообраќајот

ПРЕГЛЕД

НА ИЗВРШЕНИТЕ БЕСПЛАТНИ И ПОВЛАСТЕНИ ПРЕВОЗИ НА ЛИЦА ВО МЕСЕЦ _____ 1987 ГОДИНА, ЗА КОИ СЕ БАРА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТ ВРЗ ОСНОВА НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕ НАДОМЕСТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ БЕСПЛАТНИ И ПОВЛАСТЕНИ ПРЕВОЗИ НА ЛИЦА ВО 1987 ГОДИНА

Реден број	Категорија на корисниците на повластици	Број на објавата	Релација на превозот	Процент на повластицата	Цена на билетот	Износ за наплата
1	2	3	4	5	6	7
1	Членови на Претседателството на СФРЈ, делегати на Собранието на СФРЈ и членови на Сојузниот извршен совет					
2	Членови на Советот на федерацијата					
3	Народни херои					
4	Носители на „Партиизанска споменица 1941"					
5	Борци од Шпанската национал-ноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година					
6	Лица одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мачеви, Орден Бел орел со мачеви и Златен медал Обилиќ, установен во Црна Гора 1851 година					
7	Воени инвалиди и уживатели на семејна инвалиднина					
	ВКУПНО ЗА НАПЛАТА:					

Дека овој преглед е составен врз основа на издадените возни исправи за повлстено возење во патиничкиот сообраќај тврдат:

(место и датум) (шеф на сметководството) (индивидуален работоводен орган односно претседател на колегијалниот работоводен орган)

278.

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОДРЖИНАТА, РОКОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ ШТО ОРГАНИТЕ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ГИ ОСТВАРУВААТ СО СВОЈАТА ДЕЈНОСТ ВО 1987 ГОДИНА

1. Органите и организациите на федерацијата што со својата дејност остваруваат приходи се должни до 15-ти во месецот, за претходниот период, да доставаат до Сојузниот секретаријат за финансии Извештај за остварените приходи.

2. Извештајот од точка 1 на ова упатство треба да содржи: план на приходите за тековната година; салдо на ненаплатените побарувања по завршната сметка (од поранешните години – по години), вкупен износ на утужените побарувања; фактурирани услуги во тековната година; наплатени побарувања од поранешните години; наплатени побарувања од тековната година; износ на ненаплатените побарувања од тековната година покриен со инструменти за плаќање, согласно со Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86); износ на ненаплатетните побарувања од тековната година што не е покриен со инструменти за плаќање, а истекол рокот од 15 дена од денот на настанувањето на должничко-доверителскиот однос; износ на побарувањата што не е наплатен во рок од 15 дена од денот на настанувањето на должничко-доверителскиот однос; износ на средствата уплатен во буџетот на федерацијата до крајот на извештајниот период и состојба на средставата на евидентната сметка на последниот ден во периодот за кој се доставува извештајот.

Извештајот за остварените приходи на сојузните органи и организации се доставува до Сојузниот секретаријат за финансии на Образецот и, тој е отпечатен кон ова упатство и е негов составен дел.

4. Извештајот за остварените приходи го потпишуваат функционерот кој раководи со сојузниот орган односно со сојузната организација и сметкополагачот.

5. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1386/1
5 февруари 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

Образец и

_____
(датум)

_____
(број)

1. Назив на органот или организацијата на федерацијата _____
2. Број на евидентната сметка _____
3. Број на сметката на која се врши уплата на приход _____
4. Имиња на одговорните лица за составувањето на извештајот _____
5. Број на телефон _____
6. Период за кој се доставуваат податоците _____
7. Органот односно организацијата на федерацијата остварува приход од _____
8. Основ за остварување на приходот _____
9. План на приходот за тековната година _____
10. Салдо на ненаплатените побарувања по завршната сметка (да се разграничи по години – од која година салдото на ненаплатените побарубања потекнува): _____

    Години _____

    Износ _____
11. Вкупен износ на утужените побарувања _____
12. Фактурирани услуги во тековната година _____
13. Вкупни побарувања (10 + 12) _____
14. Наплатени побарувања од поранешните години _____
15. Наплатени побарувања од тековната година _____
16. По основ на утужените побарувања _____
17. Салдо на ненаплатените побарувања од тековната година (11 – 15) _____

18. Износ на ненаплатените побарувања од тековната година покриен со инструменти за плаќање _____

19. Износ на ненаплатените побарувања од тековната година кој не е покриен со инструменти за плаќање _____

20. Износ на побарувањата што не се наплатени во рок од 15 дена од денот на настанувањето на должничко-доверителските односи _____

21 Уплатено во буџетот на федерацијата до крајот на извештајниот период _____

22. Сосотојба на средствата на евидентната сметка на последниот ден во периодот за кој се испраќа извештајот _____

23. Салдо на утужените побарувања (11-16) _____

(потпис на сметкополагачот) М. П. (потпис на функционерот кој раководи со органот односно со организацијата на федерацијата)

279.

Поаѓајќи од општествената обврска за обележување на значајни места,настани и личности од Народноослободителната борба и социјалистичката револуција, заради зачувување траен спомен на историските настани од Народноослободителната војна и заради:

– трајно облежување на историскиот Прв конгрес на УСАОЈ како еден од позначајните настани во развојот на младинското револуционарно движење;

– негување и постојано развивање на револуционерните придобивки на Народноослободителната борба, братство и единство и заедништво на сите наши народи и народности;

– идејно-политичко воспитување на младите низ современа презентација на сведоштвото за херојската борба во текот на Народноослободителната војна.

Изразувајќи ја волјата и определбите на младите на Југославија, врз основа на Заклучоците на Претседателството на Коференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија од 29 ноември 1977 година, изразената определба во Општествениот договор за изградба на Спомен-дом „Први конгрес на УСАОЈ" и на заклучоците на Одборот за изградба на Спомен-дом „Прв конгрес на УСАОЈ" од 11 јануари 1985 година: Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија, Републиката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на СР Босна и Херцеговина, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на СР Црна Гора, Републичкта конференција на Сојузот на социјалистичката младина на СР Хрватска, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на СР Македонија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на СР Србија, Покраинската конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Покраинската конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југославенската народна армија, Собранисто на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина и Собранието на општина Бихаќ (во натамошниот текст: учесници на Договорот), врз основа на член 128 од Устава на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина и на член 579 од Законот за здружениот труд, склучуваат:

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ПРИСОБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА И ИЗГРАДБА НА СПОМЕН-ДОМ „ПРВ КОНГРЕС НА УСАОЈ" ВО БИХАЌ

Член 1

Заради остварување на целите од овој договор, учесниците на Договорот учествувајќи во изградбата на Спомен-домот „Прв конгрес на УСАОЈ" во Бихаќ, во натамошниот текст Спомен-дом оценуваат дека со тоа се создаваат потребните услови младите од цела Југославија, престојувајќи во Бихаќ, врз светлите придобивки на нашето минато, инспирирани со борбата на своите претходници, го продолжуваат континуитетот на нашата револуција во изградбата на системот на социјалистичкотот самоуправување.

Член 2

Учесниците на Договорот утврдуваат дека Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија како организатор на акцијата на младите на Југославија, преку своите делегати во Одборот за изградба на Спомен-домот и во другите самоуправни органи што се носители на изградбата, управувањето и користењето на Спомен-домот, ќе учествува во утврдувањето и остварувањето на идејната и воспитната насоченост, на формите и содржините на образовните и други активности на Спомен-демот по неговата изградба.

Собранието на општина Бихаќ, по изградбата на Спомен-домот ќе осигура остварување на интересите утврдени со договорот и на други посебни општествени интереси во согласност со Законот за здружениот труд.

Член 3

Изразувајќи и поддршка и солидарност на младината во изградбата на Спомен-домот, а заради обезбедување на дел од средствата за негова изградба, Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија се обврзува дека ќе обезбеди:

1) вклучување на сите општински конференции на Сојузот на социјалистичката младина како основачи на Спомен-домот;

2) Со својата активност ќе осигура вклучување на секој младинец, на основните организации на Сојузот на социјалистичката младина, на општинските и републиките конференции на Сојузот на социјалистичката младина, на организациите на Сојузот на Социјалистичката младина во Југословенската народна армија, на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија во акцијата за присобирање на средства за изградба на Спомен-домот, во согласност со оперативната програма што ќе ја утврди Претседателството на Конфренецијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија, републичките и покраинските конференции на Сојузот на социјалистичката младина и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија.

Член 4

Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина и Собранието на општина Бихаќ, како учес-

ници на Договорот, се обврзуваат дека ќе обезбедат средства за изградба на Спомен-домот во височина од една третина на претсметката поединечно.

Член 5

Учесниците на Договорот се согласни Одборот за изградба на Спомен-домот во Бихаќ и неговите органи да ја следат и координираат активноста во спроведувањето на овој договор и сукцесивно присобранието средства за изградба веднаш да се уплатуваат и водат на единствена жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство во Бихаќ, број: 10600-678-5327 - Спомен-дом „Први конгрес на УСАОЈ".

Секретаријатот на Одборот за изградбата на Спомен-домот во Бихаќ, редовно ќе ги информира учесниците на Договорот за текот на присобирањето на средствата за изградба, како и за резултатите од тие активности.

Член 6

Учесниците на Договорот со овој договор ги утврдуваат рамките на елементите и критериумите на своето учество во обезбедувањето на средствата за изградба на Спомен-домот, како и други прашања од заеднички интрес во врска со таа изградба.

Член 7

Учесниците на Договорот се обврзуваат дека во извршувањето на преземените обврски со Договорот ќе обезбедат средства за изградба на Спомен-домот во следните претсметковни вредности:

1) Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија,

Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Босна и Херцеговина,

Републичката конференција на Сојузот на социјалистичка младина на Црна Гора, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Хрватска, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Словенија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Србија, Покраинската конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Косово, Покраинската конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Војводина и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија 154,8 милиони динари.

2. Собранието на Социјалистичката Република Босна и Херцеговина 154,8 милиони динари;

3. Собранието на општина Бихаќ 154,8 милиони динари.

Извршувањето на обврските од точка 1 став 1 на овој член Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија, републичките и покраинските конференции на Сојузот на социјалистичката младина и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија ќе го утврдат со посебен договор.

Член 8

Учесниците на Договорот врз основа на Заклучоците на Одборот за изградба на Спомен-домот 11 јануари 1985 година ќе ја следат и поттикнуваат активноста во врска со извршувањето на обврските утврдени со овој договор на подрачјето на кое дејствуваат.

Член 9

Републичките и покраинските конференции на Сојузот на социјалистичката младина и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија се обврзуваат дека ќе ги обезбедат средствата од точка 1 став 1 на член 7 од овој договор од:

1) основачките прилози на сите општински, републички и покраински конференции на Сојузот на социјалистичката младина, Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија;

2) присобраните средства од сите сојузни омладински работни акции што се организираат во 1985 и 1986 година, на начинот што еден ударнички работен ден изразен низ парична вредност да биде наменет за изградбата на Спомен-домот;

3) доброволните прилози чие присобирање го организираат општинските конференции и Сојузот на социјалистичката младина од разни извори, во согласност со оперативната програма за присобирање на средства на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија и на републичките и покраинските конференции на Сојузот на социјалистичката младина.

Член 10

Учесниците на Договорот се согласни прилозите уплатени пред донесувањето и потпишувањето на овој договор да се сметаат како дел од извршувањето на обврските на учесниците на Договорот од чие подрачје е извршена уплатата на средствата, без оглед на изворот и обликот на присобирање.

Член 11

Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија, републичките и покраинските конференции на Сојузот на социјалистичката младина и Координациониот одбор на Сојузот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија се обврзуваат дека со присобирањето на средства на своето подрачје од разни извори во согласност со одлуката на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија и заклучоците на Одборот за изградба на Спомен-домот на УСАОЈ ќе го обезбедат своето учество најдоцна од 27 декември 1985 година.

Собранието на Социјалистичката Република Босна и Херцеговина ќе ја изврши својата обврска од член 7 на овој договор во две еднакви транши, и тоа во 1986 и 1987 година, со тоа што траншите за 1986 година ќе се уплатат во првото тримесечје на 1986 година, а траншата за 1987 година - во 1987 година. Траншата за 1987 година ќе се валоризира зависно од просечниот пораст на цените во градежништвото во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Општината Бихаќ ќе ја изврши својата обврска за обезбедување на средства од член 7 на овој договор во текот на 1985 година.

Ако учесниците на Договорот од ст. 1 и 3 на овој член во предвиденот рок не обезбедат средства за своето учество, тие средства ќе се валоризираат зависно од просечниот порас на цените во градежништвото во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 12

Учесниците на Договорот се согласни сите досега присобрани средства за изградба на Споне-домот да се орочат кај Привредна банка Сараево - Основна банка Бихаќ, во Бихаќ до почетокот на изградбата на Спомен-домот, а што ќе се грижи Секретаријатот на Одборот за изградба на Спомен-домот во Бихаќ.

Член 13

Учесниците на Договорот се согласни изградбата на Спомен-домот да почне од 1 април 1986 година, со тоа што во текот на 1985 година да се извршат потребните подготвителни работи (фундирање, шипување на теренот и др.). Рокот на завршувањето на изградбата на Споне-домот е 31 октомври 1987 година.

Учесниците на Договорот се согласни отворањето на Спомен-домот да се изврши на 27 декември 1987 година, по повод обележувањето на 45. годишната од I конгрес на УСАОЈ.

Член 14

Овој договор се смета склучен кога ќе го потпишат овластените претставници на учесниците на Договорот, а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

За Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија,
Силвија Жугиќ-Ријавец, с. р.

За Координациониот одбор на Сојузниот на социјалистичката младина во Југословенската народна армија,
Неѓо Даниловиќ, с. р.

За Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката малдина на Босна и Херцеговина,
Рада Релиќ, с. р.

За Републичката конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Црна Гора,
Дарко Булатовиќ, с. р.

За Републичката конфренцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Хрватска,
Дарио Киршиќ, с. р.

За Републичката конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија
Митко Крстевски, с. р.

За Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Србија,
Зоран Анѓелковиќ, с. р.

За Покраинската конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Косово
Драган Булиќ, с. р.

За Покраинската конфренција на Сојузот на социјалистичката младина на Војводина,
Милан Јањиќ, с. р.

За Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина,
Душан Видовиќ, с. р.

За Собранието на општина Бихаќ,
Јосо Живковиќ, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

249. Уредба за подготвување и вршење мобилизација во општествено-политичките заедници — 473
250. Одлука за определување на највисоките цени за јаствено растително масло — — — — — — — 476
251. Одлука за определување на највисоките цени на шеќерот — — — — — — — — — — — — — — 477
252. Одлука за начинот на спроведување на чл. 208 и 209 од Законот за воздушната пловидба — — 477
253. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за организациите на здружен груд — — — — — — — — — — — — — — — — 478
254. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за другите корисници на општествени средства — — — — — — — — — — 482
255. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд — — — — — — — — — — — — — — — — — 484
256. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на оделните конта во Контниот план за заедниците на осигурувањето — — — — — — — — — — — — — — — — — 485
257. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за органите на општествено-политичките заедници — — — — — — — — — 487
258. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за банките — — — — — — — — 488
259. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни конта во Контниот план за организациите на општествено-политичките заедници за стоковни резерви — — — — — — — — — — — — — — — — — — 490
260. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделните конта во Контниот план за самоуправните интересни заедници — — — — — — — — — — — — — — — — 492
261. Правилник за змејарство — — — — — — — — 493
262. Правилник за начинот на превоз на опасни материи во поморскиот сообраќај и во сообраќајот на внатрешните пловни патишта — — — — 497
263. Правилник за југословенските стандарди за носечки челични конструкции — — — — — — — 500
264. Правилник за престанок на важењето на Правилниците за носечки челични конструкции — 500
265. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за уредот за ракување со товар — — — — — 501
266. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за машините — — — — — — — — — — — — — 501
267. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за радиоуредот — — — — — — — — — — — 501
268. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за спречување на загадувањето од бродови — 501
269. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за опремата на трупот — — — — — — — — 502
270. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за електричниот уред — — — — — — — — — 502
271. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за надзорот над градењето — — — — — — — 502
272. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за средствата за спасување — — — — — — — 502
273. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за способноста на поморските бродови за превоз на опасни спакувани и растурени крути товари — — — — — — — — — — — — — — — — 503
274. Одлука за техничките правила на Југорегистар - за помагалата за навигација — — — — — — 503
275. Одлука за техничките правила на Југорегистар за средствата за сигнализација — — — — — — 503
276. Наредба за измена на Наредбата за тарифата на трошоците за излегување на царинскиот работник заради сместување на стоки под царински надзор и царинење на стоки надвор од местото односно просториите или просторите во кои царинарницата редовно врши царински надзор и царинење на стоки — — — — — — — 503
277. Наредба за начинот на исплатување надомест на организациите на здружен труд што се занимаваат со превоз на патници за извршени бесплатни и повластени превози на лица во 1987 година — — — — — — — — — — — — — — — — 503
278. Упатство за содржината, роковите и начинот на доставување на извештаи за остварените приходи што органите и организациите на федерацијата ги остваруваат со својата дејност во 1987 година — — — — — — — — — — — — — — 505
279. Општествен договор за присобирање на средства за изградба на спомен-дом „Прв конгрес на УСАОЈ" во Бихаќ — — — — — — — — — — 506

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. - Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ. - Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ тел. 650-155 лок. 35. - Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.